УСТАНОВА ЗА МЕЃУНАРОДЕН РАЗВОЈ НА САД

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Институт за комуникациски студии

IREX

# МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ

во студиските програми на универзитетите во Република Северна Македонија

Скопје, февруари 2022 година

Оваа публикација е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината е одговорност на ИРЕКС и локалните партнери Македонски институт за медиуми (МИМ), Институт за комуникациски студии (ИКС) и Младински образовен форум (МОФ), и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.

**Издавач:**

Институт за комуникациски студии,

Скопје, 2022 година

**Уредници:**

вон. проф. д-р Жанета Трајкоска,

Александра Теменугова

**Автори:**

проф. д-р Весна Шопар,

д-р Сеад Џигал

**Лектор:**

д-р Татјана Б. Ефтимоска

**Графички дизајн:**

Ивана Темелкоска

# Содржина


**ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 4**

**ВОВЕД ........ 5**

1.1. Цели и главни истражувачки прашања ........ 6
1.2. Главни корисници на истражувањето ........ 6
1.3. Методологија на истражувањето ........ 7

**КОНЦЕПТИ НА ИЗУЧУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ........ 9**

**МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 20**

Граѓанскиот сектор и промоцијата на медиумската писменост ........ 23
Медиумската писменост во формалното образование ........ 24

**МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 27**

4.1. Нормативна рамка и стратешки документи ........ 27
4.2. Структура на универзитетите и факултетите во државата ........ 30
4.3. Медиумската писменост во академската сфера во државата ........ 33
4.4. Професорите и медиумската писменост ........ 33
4.5. Истражувачка дејност ........ 37
4.6. Инклузивноста во образовниот систем ........ 37
4.7. Медиумско описменување на студентите ........ 39

**ЗАКЛУЧОЦИ ........ 44**

**ПРЕПОРАКИ ........ 46**

**АНЕКС 1 ........ 48**

**АНЕКС 2 ........ 50**

**БИБЛИОГРАФИЈА ........ 52**

# ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ерата на хиперпродукција на информации, зголемена општествена поларизираност, светот на алгоритмите и напливот на дезинформациите, зачестуваат барањата упатени до академската заедница да ја понуди „вакцината“ наречена медиумска писменост, што ќе ги направи граѓаните отпорни на разните форми на медиумски манипулации. Медиумски писмената личност поседува знаења и вештини што ќе ѝ овозможат да ги следи патокази-те при користењето на медиумите за да дојде до посакуваните информации и да ужива во благодетите на онлајн сферата, а притоа да ги избегне информациите што ѝ нанесуваат штета.

Појдовната анализа пред вас е обид на Институтот за комуникациски студии (ИКС) да ја мапира вклученоста и третманот на медиумската писменост во високото образование во Република Северна Македонија. Тргнувајќи од неопходноста за континуирано унапредување на вештините за непречена употреба и справување со дигиталното опкружување, ова истражување го отсликува ангажманот, волјата на универзитетите и факултетите во земјава за поставеноста на медиумската писменост како еден од своите приоритети. Преку деск-истражување и интервјуа со професори, даден е преглед на студиските програми на сите јавни, јавно-приватни универзитети и на делумно приватните високообразовни институции, ставени во корелација со очекуваните компетенции, вештини и знаења за медиумската, информациската и дигиталната писменост.

Еден од главните заклучоци укажува дека високообразовните институции, кои досега спорадично ја „вклучуваа“ медиумската писменост во различни, сродни предмети, веќе од оваа, но и во текот на следните академски години ја имплементираат како посебен задолжителен предмет на студиските програми, а на студентите им ја нудат како изборен предмет. Настојувањата се медиумската писменост да добие свое место, пред сѐ, на катедрите за општествени и хуманистички науки, а особено на педагошките факултети, коишто образуваат кадри кои утре како наставници ќе се вклучат во воспитно-образовниот процес на најмладите.

Истражувањето го опипува и пулсот на студентите, трагајќи по нивните искуства, ставови и потреби низ прашањето дали високото образование доволно ги оспособува да бидат во тек со последните текови во дигиталното општество. Посебен фокус се и студентите со попречености, кои го споделуваат своето искуство за првата компонента од медиумската писменост – пристапот до информации, овој пат низ призмата на инфраструктурните и развојни можности на високообразовните институции.

Истражувањето на ИКС е дел од петгодишниот проект на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“, што го спроведува ИРЕКС заедно со Македонскиот институт за медиуми и со Младинскиот образовен форум.

Жанета Трајкоска,

Институт за комуникациски студии

# 01

# ВОВЕД

Концептот на медиумската писменост е особено сложена област која вклучува различни истражувачки и научни дисциплини и се потпира врз разновидни емпириски истражувања. Како динамична материја која постојано се менува и се развива под влијание на дигиталната трансформација и новите медиуми, неопходно е таа постојано да се развива, да се дополнува и да се надградува. Активностите за медиумската писменост се засилија по 2016 година, со подемот на новите појави и предизвиците на дигиталната ера, како што се порастот во дезинформациите и виралната експанзија на т.н. лажни вести.

Новата реалност што ја наметна забрзаниот развој на новите медиуми и социјалните мрежи ја поттикна стручната и академската јавност повеќе да се посвети на развивање на неопходните знаења и вештини што треба да ги поседува современиот човек за да може безбедно и одговорно да се вклучува и да делува во вмрежениот дигитален свет, како и да остане отпорен на медиумски манипулации, на дезинформациите и на останатите штетни појави предизвикани од медиумите. Медиумската писменост, исто така, става важен акцент и врз потребата од едукација која ќе го подобри нашето корисничко искуство со медиумите и врз зголемување на позитивните можности во комуникацијата што ги нудат тие, сè со цел наша подобра вклученост во општеството и во процесите на одлучување кои се од јавен интерес.



## 1.1. Цели и главни истражувачки прашања

Во ваквиот контекст, главна цел на оваа анализа е да се истражи застапеноста на медиумската писменост на студиските програми кај универзитетите и другите високообразовни институции во Република Северна Македонија. Во рамките на истражувањето се опфатени сите акредитирани високообразовни установи и различните стручно-образовни студиски програми што се застапени кај нив. Наодите што ќе произлезат од ова истражување треба да дадат јасен приказ за тоа колку, на каков начин и во каква форма е застапена медиумската писменост во високото образование, со цел да се утврдат позитивните и негативните страни на медиумската едукација во земјава.

Појдовните истражувачки прашања на оваа анализа, врз кои се конципира и следствената методологија и вклучените истражувачки прашалници, се:

- Дали е застапена медиумската писменост во студиските програми и во наставните предмети на високообразовните институции во земјата за прв и втор циклус на студии и на кој начин овие тематски содржини се инкорпорираат во наставните планови?
- Со какви научни и стручни знаења, вештини и способности се здобиваат студентите по завршувањето на студиските програми од прв и втор циклус студии vis-à-vis Националната рамка на високообразовни квалификации во сферата на разбирањето и употребата на медиумите, способностите за критичко восприемање и оценување на медиумските содржини?
- Како влијае напливот од дезинформации и различните медиумски манипулации врз образовните практики на високообразовните институции, особено за интересот и потребата од стекнувањето вештини, разбирања и ставови за справување со дезинформациите?

## 1.2. Главни корисници на истражувањето

Истражувањето и неговите наоди треба да им послужат на различните општествени чинители подобро да го согледаат контекстот и потенцијалот на медиумската писменост во образованието, реалната состојба во високото образование во Република Северна Македонија, утврдување на областите во коишто е потребна дополнителна или поголема ангажираност, како и идентификување на клучните предизвици и проблеми во однос на вклученоста на медиумската писменост во високото образование. Токму во тој контекст, како клучни целни групи можат да се одредат главните образовни институции, вклучувајќи го Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, универзитетите и другите високообразовни институции во земјава, образовниот кадар во земјава, научно-истражувачката јавност, граѓанскиот сектор којшто е активен во областа на медиумската едукација и други заинтересирани чинители во областа на едукацијата, медиумите и комуникациите.

Структурно, истражувањето е поделено на неколку делови, кои опфаќаат анализа на основните концепти и приоди во областа на медиумската писменост, на клучните иницијативи, документи и други стратешки инструменти за развој на медиумската писменост на меѓународен план.

По елаборацијата на овој дел, следи преглед на анализа на застапеноста на медиумската писменост во основното и во средното образование во Република Северна Македонија, којашто се потпира врз неколку претходни истражувања и нивна контрастивна анализа со ова истражување и неговите главни цели и наоди. Со ова, истражувањето треба подобро да ја контекстуализира вклученоста на медиумската писменост во различните нивоа на образовниот систем и да помогне појасно да се согледаат главните чинители за медиумската писменост во образовниот процес во континуитет.

## 1.3. Методологија на истражувањето

За потребите на ова истражување, беа применети неколку комбинирани методи и техники приспособени на истражуваната област:

### 1. Анализа на содржината

Со цел да се обезбеди сеопфатна слика за вклученоста на медиумската писменост во високото образование, применети се комбинирани квантитативно-квалитативни методи. Како фокус на анализата беа селектирани клучните национални и меѓународни документи, како што се закони, национални стратегии, декларации, резолуции, стратешки препораки и акциски планови. Од овој корпус на вклучени материјали, може да се издвојат следните:

- Декларацијата за медиумско образование на УНЕСКО од 1982 година;
- Резолуција бр. 3 на Советот на Европа од 2005 година, „Интеграција и различност: нови граници на европската медиумска и комуникациска политика“;
- Резолуција за Советот на Европа од 2009 година, „Кон новото сфаќање на медиумите“;
- Препорака 1466 на Советот на Европа, „Медиумска едукација“ од 2000 година;
- Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европскиот парламент од 2007 година;
- Европската повелба за медиумска писменост;
- Законот за основно образование;
- Законот за високо образование;
- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Република Македонија (2013);
- Закон за медиуми, Република Македонија (2013);
- Сеопфатна стратегија за образование 2018 – 2025 при Министерството за образование и наука, како и други документи;
- Концепција за основно образование (2021).

Посебен фокус на истражувањето се студиските програми на акредитираните високообразовни институции во земјата кои нудат прв и втор циклус студии[1], првенствено во сферата на медиумите, комуникациите, новинарството и информатичките технологии, како и студиските програми на педагошките факултети на сите универзитети во Република Северна Македонија.

1 Извор: Министерството за образование и наука, „Листа на акредитирани високообразовни установи во Република Северна Македонија“, достапно на https://mon.gov.mk/page/?id=2047, пристапено на: 29.01.2022.

**2. Интервјуа и фокус-групи**

Во анализата се вклучени интервјуа со професори од високообразовните институции со цел да се утврдат реалните состојби, предности и предизвици за изучувањето на медиумската писменост, како и фокус-групи со студентите од високообразовните институции во земјава. Во текот на истражувањето беа изведени вкупно петнаесет интервјуа со ректори, декани и професори од факултетите на следниве јавни, јавно-приватни и приватни универзитети: „Св. Кирил и Методиј" и „Мајка Тереза" од Скопје, „Св. Климент Охридски" од Битола, Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип, Државниот универзитет – Тетово и Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово, како и приватните универзитети „Американ Колеџ" и Меѓународниот балкански универзитет од Скопје.

Со цел да се детектираат перспективите и потребите на студентите за унапредување на вештините за критичка анализа на медиумски содржини, инфраструктурните услови на факултетите за непречен пристап до информациски технологии, како и да се обезбеди оценка на академската средина за развојни и истражувачки активности, ИКС во текот на ноември и декември 2021 година реализираше и седум фокус-групи со студенти од јавните и од приватните универзитети: Правен факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (студиски програми за новинарство, за политички студии и за односи со јавноста), студенти од Педагошките факултети на Универзитетите „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, „Св. Климент Охридски" од Битола, Државниот универзитет од Тетово, Факултетот за образовни науки од Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип, студенти од Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово и студенти од Меѓународниот балкански универзитет од Скопје. За интервјуата и фокус-групите беа изработени полуструктурирани прашалници конципирани според утврдените цели и истражувачки прашања[2].

При изборот на учесниците, ИКС се водеше по начелата за рамноправна застапеност на учесниците и целните групи според полова, географска, етничка основа, како вклучување учесници од различни возрасни и социо-економски групи, како и од групи со попречености.

2 Прашалниците за професорите и студентите се приложени како Анекс 1 и Анекс 2.

# 02

# КОНЦЕПТИ НА ИЗУЧУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ

Промените во медиумскиот систем и значителното зголемување на бројот на нови видови на медиуми доведе до тоа сè повеќе да бидеме изложени на информациите и на влијанието на медиумите[3]. Во Република Северна Македонија, на пример, бројот на медиуми на почетокот на 2021 година изнесувал 110 комерцијални радиодифузери, од кои 45 телевизии и 65 радиостаници[4]. Преку кабелските оператори и сателитските системи, на публиката ѝ се достапни стотици дополнителни телевизиски и радиоканали.

Исто така, бројот на медиуми на интернет е во постојан пораст. Само во листата на професионални онлајн медиуми се регистрирани 101 членка, но реалната бројка на онлајн медиумите изнесува над 200 информативни медиуми достапни преку интернет[5]. Достапноста на информациите преку социјалните мрежи, како што се Фејсбук, Јутјуб, Инстаграм и други, исто така влијае врз т.н. „презаситеност од информации“ со која постојано се соочуваме. Според достапните статистики[6], во земјава има околу 1.71 милиони корисници на интернет (82% од вкупната популација) и 1.2 милиони корисници на социјалните мрежи, бројки кои се во континуиран пораст во последните неколку години.

3 „Луѓето поминуваат просечно 4,8 часа дневно на своите мобилни телефони во 2021 година. Просечното време потрошено на мобилни апликации е четири часа и 48 минути, што е за 30 % повеќе од 2019 година. Ова беше пресметано врз основа на податоците од десет пазари, вклучувајќи ги Индија, Турција, САД, Јапонија, Мексико, Сингапур и Канада. Корисниците во Бразил, Индонезија и Јужна Кореја надминале дури пет часа дневно. Во тоа време, седум од секои 10 минути биле потрошени на социјални, фото и видеоапликации“, извор: Data.ai (2021), „The State of Mobile in 2022: How to Succeed in a Mobile-First World As Consumers Spend 3.8 Trillion Hours on Mobile Devices“, достапно на https://www.data.ai/en/insights/market-data/state-of-mobile-2022/ пристапено на 15.01.2022.

4 Според Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, вкупно 11 радиодифузери емитуваат програма на национално ниво (5 терестријални, 4 кабелски и 2 сателитски телевизии), 18 на регионално и 16 на локално ниво. Од радиостаниците, 4 емитуваат програма на национално ниво, а 17 на регионално ниво, додека останатите емитуваат програма само на локално ниво, извор Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Радиодифузери“, достапно на https://avmu.mk/radiodifuzeri-mk/ пристапено на 15.01.2022.

5 Во 2021 година, според ДИК, за локалните избори во регистарот на радиодифузери и печатени медиуми и електронски медиуми интернет портали прифатени се 41 телевизија, 48 радио станици, 10 печатени весници и 195 електронски медиуми (интернет портали).
Државна изборна комисија (2022), „Решение за упис во Регистарот на радиодифузери и печатени медиуми и електронски медиуми интернет портали“, достапно на https://www.sec.mk/registar-na-radiodifuzeri-pechateni-mediumi-i-elektronski-mediumi-internet-portali-3 пристапено на 15.01.2022.

6 Data Reportal (2021), „Digital 2021: North Macedonia“, достапно на https://datareportal.com/reports/digital-2021-north-macedonia пристапено на 15.01.2022.

Со ваквиот динамичен развој на информациско-комуникациските технологии, медиумските пораки и содржини станаа присутни во секоја сфера од нашето живеење[7]. Порастот во користењето на овие технологии продолжи и во текот на пандемијата во 2020 и 2021 година, кога здравствените мерки во голема мера наложувапосредна комуникација[8], но и работење на далечина[9].

Изобилството од информации со коишто секојдневно се соочуваме наметнува потреба од приспособувања и промени во тоа како се справуваме со нив и со предизвиците на новата информациска и дигитална доба, особено за тоа како ги избираме и ги наоѓаме инфо-рмациите, колку време поминуваме со медиумите и како влијаат тие врз нашата информираност, убедувања и однесување. Напливот од медиуми и информации, исто така, има значително влијание врз младите, кои се наоѓаат во сензитивни развојни фази кога ги оформуваат своите ставови и погледи за светот и за средината во која живеат. Нивната приврзаност кон медиумите и новите дигитални технологии често може да доведе до зависност[10].

Овој забрзан процес на хиперпродукција на информациите и нивно зголемено влијание врз публиката наложува колективна ангажираност за систематизирано и организирано справување со ваквите влијанија. Според искуствата на бројни земји, медиумската писменост и едукацијата за медиумите се најефикасните приоди што овозможуваат оспособување на публиката за правилно и ефективно користење на медиумите, како и задоволителна заштита од нивните непосакувани ефекти.

Суштината на градењето и користењето на медиумската писменост е тоа што „повисокиот степен на медиумска писменост овозможува појасно согледување на границата помеѓу стварносниот свет и медиумската реалност“[11]. Медиумски писмената личност поседува знаења и вештини како да ги следи патоказите при своето користење на медиумите за да дојде до посакуваните информации и искуства во медиумите, а притоа да ги избегне информациите коишто ѝ нанесуваат штета.

7 „Јутјуб е најпопуларната апликација за видеостриминг ширум светот, со повеќе од еден милион преземања во 60 различни земји. Нетфликс е втор во многу региони. Мобилните игри исто така бележат раст, со тоа што луѓето потрошиле 116 милијарди долари на нив. Во 2021 година посебно популарни т.н. „хипер-кажуал игри“ (за опуштено поминување на времето), извор AppAnnie report (2021), „The State of Mobile in 2022: How to Succeed in a Mobile-First World As Consumers Spend 3.8 Trillion Hours on Mobile Devices“, достапно https://www.data.ai/en/insights/market-data/state-of-mobile-2022/ пристапено на 15.01.2022.

8 „Поради рестриктивните мерки воведени по појавата на коронавирусот, многу луѓе во светот се принудени да останат во своите домови, од каде што многумина од нив преку интернет ги завршуваат своите работни обврски, го следат наставниот процес и се занимаваат со физички активности. Истражувањата покажуваат дека никогаш досега луѓето толку време не поминувале онлајн и на своите компјутери и мобилни телефони. Според анализата која ја направи магазинот „Бизнис тудеј“ (Busi ness Today), 75 отсто од корисниците на социјалните мрежи поради коронавирусот започнаа многу повеќе време да поминуваат на Фејсбук, Твитер и Ватсап“, извор Günyol, A (2020), Поради пандемијата на Ковид-19 многу луѓе станаа „врзани“ за интернет“, достапно на https://is.gd/v5CrE2 пристапено на 15.01.2022.

9 „На пример, луѓето поминуваа многу време во апликации за купување – повеќе од 100 милијарди часови на глобално ниво, а најбрзо растат Сингапур, Индонезија и Бразил. Имаше и огромен раст на апликациите за храна и пијалаци – како што се UberEats и Grubhub. Бројот на посети, односно, сесии на вакви апликации пораснал на 194 милијарди во 2021 година, 50 % повеќе во однос на претходната година. Апликациите за здравје и фитнес исто така забележаа раст, бидејќи пандемијата значеше дека луѓето не можеа секогаш да посетуваат теретани или да одржуваат групни часови за вежбање. И како одраз на поголем акцент на менталната благосостојба, апликациите за медитација како Headspace и Calm се покажаа популарни – особено кај младите луѓе, при што првите пет најсимнувани забележаа раст од 27% во 2021 година. Плаќањето за апликации за состаноци се зголеми над 4 милијарди долари, што е зголемување од 95% од 2018 година“ извор AppAnnie report (2021), „The State of Mobile in 2022: How to Succeed in a Mobile-First World As Consumers Spend 3.8 Trillion Hours on Mobile Devices“, достапно https://www.data.ai/en/insights/market-data/state-of-mobile-2022/ пристапено на 15.01.2022.

10 Извор: Штикелман Ш. (2018), „Студија: 100.000 деца и млади се зависници од социјални мрежи“ (2018), достапно на https://is.gd/AYMeF2 пристапено на 15.01.2022.

11 Potter, J. (2008), Media Literacy, 4th edition, SAGE publications, стр. 32.

Со други зборови, „во ситуација сте да го градите својот живот така како што вие одлучувате и посакувате, а не да им препуштите на медиумите да ви го градат животот како што сакаат тие“[12].

Корисниците на медиумите кои немаат доволно изградена медиумска писменост често имаат лажно чувство дека, со интензивното користење на медиумите и редовното консумирање на информациите, знаат „што се случува во светот“ околу нив. Според Еверет Денис, „медиумската неписменост за човековиот дух и интелект потенцијално е штетна и токсична како што се тоа загадената вода и лошата храна“[13].

Медиумската писменост помага во детектирањето на негативните и на штетните влијанија на медиумите и ја поттикнува континуираната изградба и оспособување за подобра контрола и заштита од информациите и различните медиумски содржини. Метафората на Еверет за „медиумската токсичност“ добива сè повеќе кредибилитет со развојот на медиумската индустрија, автоматизираноста во консумацијата на информациите, посредството на алгоритмите во нивното филтрирање и разновидноста на новите медиумски канали и содржини. Медиумската писменост не го отфрла користењето на медиумите како принцип, туку препорачува и подучува на претпазливост, надзор и контрола при користењето на медиумите.

Медиумската писменост постапно почнува да се оформува како образовен концепт во 70-тите години од минатиот век, а „Декларацијата за медиумско образование“ на УНЕСКО од 1982 година[14] ја трасираше развојната патека на оваа дисциплина, со што ѝ се отвори и можноста за интегрирање во образовниот процес. Медиумската писменост дополнително е дефинирана и конципирана во 1992 година[15] како „способност за пристап, анализа, евалуација и комуницирање на информациите во сите нивни форми“ (Aufderheide, 1992)[16], а медиумски писмена личност е „секој којшто може да декодира, да анализира, да оцени и да продуцира како печатени, така и електронски медиуми“[17].

12 Potter, J. (2008), Media Literacy, 4th edition, SAGE publications, стр. 32.

13 Denis, E. (1996), Children and the Media, Routledge, London.

14 Според „Декларација од Симпозиумот на УНЕСКО за медиумско образование“ од 1982 година. Оваа декларација беше усвоена едногласно од претставниците на 19 земји на Меѓународниот симпозиум на УНЕСКО за медиумско образование во 1982 година во Грунвалд, Сојузна Република Германија.

15 „Самиот поим ’медиумска писменост‘ е дефиниран уште во 1992 година, на Конференцијата за медиумска писменост (National Leadership Confeerence on Media Literacy) во Аспен, САД“, извор Шопар В., Теменугова А., Аксентиевска М. (2018), „Медиумската писменост во Македонија: Обид за имплементација во основното образование“, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје.

16 Aufderheide, P. (1993), Media Literacy - A Report of The National Leadership Conference on Media Literacy, The Aspen Institute, Washington D.C. достапно на http://files.eric.ed.gov/fulltext/ED365294.pdf пристапено на 15.01.2022.

17 „Оваа дефиниција за медиумската писменост произлезе од „Конференцијата за медиумска писменост организирана од Институтот Аспен во Вашингтон во 1992 година, каде што, според теоретичарите, е „роден“ концептот на медиумската писменост како нова гранка на општествените науки“, Шопар В., Ќупева Т. и Теменугова А. (2016) „Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанство“, Институт за комуникациски студии, Скопје, стр. 10.

Овие четири главни компоненти (декордирање, анализирање, оценување и продуцирање на информации и медиумски содржини) понатаму можат да се разгранат во седум клучни вештини на медиумската писменост:

1. **Анализа** – разложување на медиумските пораки во смисловни целини.
2. **Евалуација** – оценка или проценка на вредностите и ефектите на елементите од пораките, што се врши по пат на споредување со други елементи на пораките од медиумите, со одредени стандардни методи и практики.
3. **Групирање** – одредување кои елементи од пораките се слични во одреден поглед или дејство, како и одредување како одредена група на елементи под пораките се разликува од други елементи и групи на елементи.
4. **Индукција** – воспоставување обрасци како се групираат и се комбинираат елементите на пораките и како потоа тие се шират на други пораки.
5. **Дедукција** – користење дефинирани општи начела за толкување на поединечните елементи на пораките.
6. **Синтеза** – поврзување на елементите на пораките во нови и посложени структури на пораките.
7. **Апстракција** – давање кус, јасен и прецизен опис, којшто ја одразува суштината на пораките во помалку знаци и зборови од самата порака[18].

Во дефинирањето на медиумската писменост се сретнуваат различни приоди, коишто го ставаат акцентот врз различни аспекти на медиумските ефекти и влијанија. Така, на пример, дефиницијата за медиумска писменост како збир од ставови и вештини за толкување на медиумските пораки става акцент врз тоа какви значења извлекуваме од медиумските пораки и како влијае тоа врз нашето доживување на општествената реалност. Овој приод, исто така, нагласува дека медиумската писменост е континуиран динамичен процес, а не одредена концептуална категорија која стриктно се применува. Блиску до оваа дефиниција на медиумската писменост се Адамс и Хам[19], кои на неа гледаат како „способност да се создаваат индивидуални значења од визуелните и вербалните симболи што секојдневно се преземаат од телевизијата, рекламите, филмот, дигиталните медиуми“.

Група институции и поединци од различни земји на ЕУ[20], предводени од Филмскиот совет на Обединетото Кралство (ОК), објавија Повелба, која дава своја дефиниција за медиумската писменост. Оваа иницијатива беше насочена кон надминување на терминолошкиот проблем за тоа што е медиумската писменост и ги повика различните заинтересирани организации да ја потпишат оваа Повелба, за да се придржуваат до заедничката дефиниција за медиумска писменост.

18 Potter, J. (2008), Media Literacy, 4th edition, SAGE publications, стр. 41.
19 Adams, D. and Hamm, M. (2000), Media and Literacy: Learning in an Electronic Age-Issues, Ideas, and Teaching Strategies, Charles C. Thomas Pub Ltd; 2nd edition.
20 Извор: Euromedia Literacy (2008), About this initiative bullet - Frequently Asked Questions достапно на https://euromedialiteracy.eu/about.php пристапено на 15.01.2022

Според Европската повелба за медиумска писменост: „Медиумски писмените граѓани треба да бидат способни да ги користат медиумските технологии за пристап, преземање, чување и споделување на содржините за да ги задоволат своите индивидуални и општествени потреби и интереси, да имаат пристап и да направат избор од широкиот спектар на медиумски форми и содржини од различни културни и институционални извори, да разберат како и зошто се произведени медиумските содржини, критички да ги анализираат техниките, јазикот и конвенциите на користење на медиумите, како и пораките што ги пренесуваат, креативно да ги користат медиумите за да се изразат и да комуницираат идеи, информации и мислења, да ги идентификуваат и да ги избегнуваат медиумските содржини и услуги што може да бидат несакани, непријатни или штетни, ефикасно да ги користат медиумите во остварувањето на своите демократски права и граѓански обврски.“

Дефиницијата која ја поддржува Европската повелба за медиумска писменост вклучува различни елементи, коишто може да се вбројат во следните поттипови:

1. Медиумската писменост подразбира учење како да се користи информатичката и комуникациската технологија (ИКТ). Ова исто така понекогаш се нарекува „компјутерска писменост“ или „дигитална писменост“, односно вклучува учење како ефективно да се користат дигиталните уреди за комуникација и за информирање.

2. Учење како да се анализираат и да се „читаат“ медиумските пораки, без разлика дали се со зборови, слики или звук, или комбинација од нив. Неопходно е да се анализира структурата на зборовите, сликите или звуците за да може критички да се размислува за содржината на пораките и нивното значење.

3. Учење за самите медиуми, вклучувајќи ја нивната организација, работни практики и интересите што стојат зад работењето на медиумите.

4. Учење креативни вештини, т.е. како да креирате и да презентирате пораки за медиумите со користење различни комуникациски технологии.

Во овој контекст на дефинирање на медиумската писменост, треба да се напомене мошне важниот аспект дека „медиумската писменост не е едноставно користење на медиумите и познавање на фактите и статистичките податоци за нив, туку поставување на вистинските прашања за она што се гледа, се слуша или се чита“ (Шопар и др., 2016, стр. 10).

Според Париската декларација за медиумска и информациска писменост[21], усвоена во 2014 година под закрила на УНЕСКО, на Европската комисија и на други образовни институции, се потврдува важноста на медиумската писменост и се повикува на засилено ангажирање и едукација во денешното дигитално опкружување, како и засилена соработка помеѓу клучните чинители и останатите засегнати страни заради унапредување на медиумската писменост. Оваа декларација посилно ја поврзува медиумската со информациската писменост, односно ја конципира т.н. MIL (media and information literacy, англ.), гледајќи во нивната поврзаност подобра основа за развивање на неопходните вештини и за двете (под)области.

21 UNESCO (2014), “Paris Declaration on Media and Information Literacy adopted”, достапно на https://en.unesco.org/news/paris-declaration-media-and-information-literacy-adopted пристапено на 15.01.2022.

За УНЕСКО, постигнувањето медиумска и информациска писменост достапна за сите бара формулирање национални политики и програми насочени кон клучните цели на медиумската и информациската писменост. Како дел од својата севкупна стратегија за медиумска и информациска писменост, УНЕСКО објави насоки за образовни политики и стратегии[22] коишто нудат координиран и хармонизиран пристап, што треба да им овозможи на земјите членки да конципираат одржливи национални политики и стратегии за медиумска и информациска писменост[23].

Од овие главни концепти понатаму се изведуваат останатите категории и поими поврзани со медиумската писменост, како што е концептот на дигитално граѓанство, односно „користење на информатичката технологија со цел вклучување и активност во општеството, политиката и институционалното управување“[24]. Според Мосбергер и др. (2007), дигиталните граѓани се „оние кои редовно и ефективно го користат интернетот“.

Исто така, „Демократијата и слободата на изразување денес не можат да се обмислат и осмислат без вклучување на медиумите – јавна сфера која е суштински важна за функционирањето на демократијата. Тековниот процес на дигитализацијата ја промени функцијата на медиумите, како и структурите на управување и моделите на пазарите. Нашиот комуникациски систем ги менува временско-просторните категории, како и начините на општествено однесување. Накратко, медиумите ја трансформираат јавната сфера.“[25]

Овие политики и стратегии се први од ваков вид кои кои ја интегрираат медиумската и информациската писменост како композитен концепт, обединувајќи ја информациската писменост и медиумската писменост со правото на слобода на изразување и пристап до информации преку ИКТ. Со тоа се потврдува мултидисциплинарната природа на медиумската писменост и нејзиното потпирање врз различни научни и образовни дисциплини.

Во овој контекст на утврдување на поврзаноста на медиумската писменост со други важни дисциплини и научно-образовни области, треба да се напомене и концептот на „дигитална компетенција“[26]. „Рамката за дигитални компетенции за граѓаните“, позната и како DigComp, беше за првпат објавена во 2013 година од страна на Европската комисија. Таа е замислена како алатка за подобрување на дигиталната оспособеност на граѓаните, со цел да им помогне на општествените чинители да формулираат политики коишто поддржуваат дигитална компетентност, градење и планирање иницијативи за образование и обука за подобрување на дигиталната компетентност на специфични целни групи. DigComp, исто така, обезбедува инструменти и процедури за тоа како да се идентификуваат и да се опишат клучните аспекти и особености на дигиталната компетентност во 21 век[27].

---

22 UNESCO (2013), “Media and information literacy: policy and strategy guidelines”, достапно на https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000225606 пристапено на 15.01.2022.

23 UNESCO, Developing MIL Policy and Strategy, достапно на http://www.unesco.org/new/en/communication-and-information/media-development/media-literacy/developing-mil-policy-and-strategy/ пристапено на 15.01.2022.

24 Mossberge, K., Tolbert, C. and McNeal, R. (2007), Digital Citizenship, The Internet, Society, and Participation, MIT press.

25 UNESCO (2013), “Media and Information Literacy, Policy and Strategy Guidelines”, United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization publication, стр. 9.

26 Повеќе детали се достапни во: European Commission (2021), “Being digitally competent – a task for the 21st-century citizen“, достапно на https://ec.europa.eu/jrc/en/digcomp пристапено на 15.01.2022.

27 Vuorikari, R., Punie, Y., Carretero Gomez S., Van den Brande, G. (2016), DigComp 2.0: The Digital Competence Framework for Citizens. Update Phase 1: The Conceptual Reference Model. Luxembourg Publication Office of the European Union, стр. 5-6.

Од 2013 година досега, DigComp се користи за повеќе намени, особено во контекстот на тематиките за вработување, образование, обуки и концептот на доживотно учење. Дополнително, DigComp е спроведен во пракса на ниво на ЕУ, на пример за изработка на индикатор наречен „Дигитални вештини“ (DS), којшто се користи за следење на процесите на дигиталната економија и на општеството. Друг пример е вклучувањето на овој индикатор во моделот на „Биографија на Еуропас“ (Europass CV[28]), којшто им овозможува на барателите на работа да ја „измерат“ сопствената дигитална компетентност и да ја вклучат во својата биографија како податок.

Дигиталната компетенција вклучува 5 клучни нивоа кои упатуваат на вкупно 21 клучна компетенција:

**1. Информациска и податочна писменост**

– Прелиствување, пребарување и филтрирање податоци, информации и дигитални содржини, пристапување до различни податоци, како и креирање лични стратегии за пребарување на информации.

– Проценување податоци, информации и дигитална содржина, односно оспособеност да се анализира, да се споредува и критички да се оцени кредибилитетот и веродостојноста на изворите на податоци, информациите и дигиталните содржини.

– Управување со податоци, информации и дигитална содржина, односно вештини за организирање, складирање и преземање податоци, информации и содржина на дигиталните платформи.

**2. Комуникација и соработка**

– Интеракција преку дигитални технологии и вештини да се комуницира преку различни дигитални технологии и да се користат соодветни дигитални средства за комуникација.

– Споделување информации преку дигитални технологии, т.е. способност за дејствување како информациски посредник.

– Ангажирање во граѓански активности преку дигитални технологии, проширување на можностите за самозајакнување и за партиципативно граѓанство преку соодветни дигитални технологии.

– Соработка преку дигитални технологии и користење дигитални алатки за соработка и за создавање ресурси на знаења.

– Нет-култура (Netiquette), т.е. да се биде свесен за нормите на однесување при користење на дигиталните технологии и при интеракцијата на дигиталните платформи. Да се приспособат комуникациските стратегии на специфичната публика и да се биде свесен за културната и генерациската разновидност на дигиталните платформи.

– Управување со дигитален идентитет, т.е. креирање и управување со еден или повеќе дигитални идентитети, како и заштита на сопствената репутација.

28 Извор: European Union (2021), Europass, достапно на https://europa.eu/europass/eportfolio/screen/profile-wizard?lang=en пристапено на 15.01.2022.

**3. Креирање дигитални содржини**

– Развивање дигитална содржина во различни формати, способност за изразување преку дигитални средства.

– Интегрирање на дигитална содржина, менување, подобрување и интегрирање на информациите и содржината во постоечкото знаење, како и создавање нова, оригинална и релевантна содржина и знаење.

– Авторско право и лиценци, способност да се разберат авторските права и лиценците што се применуваат на податоците, информациите и дигиталните содржини.

– Програмирање, планирање и развивање инструкции за компјутерски системи со цел решавање зададени проблеми или извршување одредени задачи.

**4. Безбедност**

– Заштита на уреди и разбирање на ризиците и заканите во дигиталната средина. Познавање на безбедносните мерки и практики на доверливост и приватност.

– Заштита на личните податоци и приватноста во дигитални средини. Разбирање како да се користат и да се споделуваат информации за лична идентификација, разбирање како дигиталните сервиси креираат и користат „политика за приватност“ и како се користат личните податоци.

– Заштита на здравјето и благосостојбата, избегнување здравствени ризици и закани за физичката и психолошката благосостојба при користење дигитални технологии.

– Заштита од можни опасности во дигитални средини (на пр., сајбермалтретирање). Свесност за дигиталните технологии како средства за заштита на јавниот интерес и социјална вклученост.

– Заштита на животната средина, т.е. свесност за влијанието на дигиталните технологии врз животната средина при нивната употреба.

**5. Решавање проблеми**

– Решавање технички проблеми при ракување со уреди

– Идентификување на потребите и приспособување на дигиталните платформи за личните потреби.

– Креативно користење на дигиталните технологии да се создаде знаење и да се иновираат услугите и производите, како и решавање проблеми на дигиталните платформи.

– Идентификување недостатоци во дигиталната компетентност, т.е. каде треба да се подобри или да се ажурира сопствената дигитална компетентност, да се бараат можности за саморазвој и да се биде во тек со дигиталната еволуција.

Кога станува збор за медиумската писменост, корисно е да се опишат и некои од постоечките разлики како оваа тематика се третира во Европа и во САД. Овие, понекогаш помали а понекогаш позабележителни разлики, даваат дополнителна вредност во развивањето на оваа образовна дисциплина, нудејќи искуства и можности за вклучување во различни општества и образовни системи. Во северноамерикански контекст, еден од највлијателните и најприфатени модели за медиумска писменост е оној на Рене Хобс (Renee Hobbs)[29]. Клучните концепти за својот модел таа започнува да ги развива во 2010 година, во делото „Акциски план за дигитална и медиумска писменост"[30], каде што ги изложува своите предлози за тоа како да се вклучи дигиталната и медиумската писменост во формалното и во неформалното образование преку инклузивна едукација во заедницата.

Таа ги дефинира дигиталната и медиумската писменост како комбинација и констелација на животни вештини неопходни за целосно учество во нашите општества, кои се медиумски заситени и богати со информации[31]. Тие вклучуваат вештини и способност за следните активности:

1. Правење одговорни избори преку пристап до информации со пронаоѓање и споделување материјали и разбирање различни информации и идеи.
2. Анализирање на пораките во различни форми со идентификување на авторот, целта и гледната точка на информациите, како и оценување на квалитетот и кредибилитетот на содржината.
3. Создавање содржини во различни форми, користејќи јазик, слики, звук и нови дигитални алатки и технологии.
4. Проценување на сопственото однесување и комуникациско дејствување со примена на општествената одговорност и етичките принципи.
5. Преземање општествени активности работејќи индивидуално и заеднички со цел споделување знаења и решавање проблеми на ниво на семејството, на работното место и во заедницата.

Во овој труд, таа додава: „Овие компетенции за дигитална и медиумска писменост, кои ја сочинуваат основната компетенција за активно и инклузивно граѓанство во дигиталната ера, имаат огромна практична вредност. За да може да аплицираат за работни места преку интернет, на луѓето им требаат вештини да најдат релевантни информации. Да се добијат релевантни здравствени информации, луѓето треба да бидат способни да прават разлика помеѓу маркетиншките трикови за додатоци во исхраната и валидни информации засновани врз истражувања и докази. За да ги искористат можностите за онлајн образование, луѓето треба да имаат добро разбирање за тоа како се конструира знаењето и како тоа ја претставува и артикулира реалноста."[32]

29 Рене Хобс е американска научничка и едукаторка која работи во областа на образованието за медиумска писменост. Таа е професорка по комуникациски студии на Факултетот за комуникации и медиуми Харингтон и е основачка на Лабораторијата за медиумско образование на Универзитетот во Роуд Ајленд, САД.
30 Hobbs, R. (2010), Digital and Media Literacy: A Plan of Action, The Aspen Institute Communications and Society Program..
31 Hobbs, R. (2010), Digital and Media Literacy: A Plan of Action, The Aspen Institute Communications and Society Program, стр. 7.
32 Hobbs, R. (2010), Digital and Media Literacy: A Plan of Action, The Aspen Institute Communications and Society Program, стр. 8.




Графикон 1: Клучни компетенции на дигиталната и на медиумската писменост, Хобс, 2010.

Овие пет компетенции функционираат заедно во соодветна спирала на заемно засилување[33], поддршка и со активно учество на луѓето во процесот на доживотното учење преку примање и креирање пораки.

Сумарно опишано, таа го користи овој модел и терминот „дигитална и медиумска писменост“ за да опфати широк дијапазон од когнитивни, емоционални и социјални компетенции, што вклучува употреба на текстови, алатки и технологии, вештини за критичко размислување и анализа, способности за оформување пораки и нивна креативна употреба, способност на поединецот да се вклучи во размислување и етичко постапување, како и компетенции за учество во тимска работа и соработка.

Кога луѓето имаат компетенции за дигитална и медиумска писменост, тие препознаваат социјални, корпоративни и политички агенди и можат да зборуваат во свое име и во име на потиснатите заедници чиј глас е задушен, со што, пак, можат да ги користат своите права според законот.

Од горереразгледаните приоди и различни дефиниции кон медиумската писменост, може да заклучиме дека станува збор за интердисциплинарен концепт којшто цели да интегрира различни поврзани области и дисциплини, со цел да овозможи справување со актуелните предизвици на новата дигитална доба. Медиумската писменост, во земјите каде што таа се развива веќе со децении, служи како интегратор на различни области и методологии во процесот на наоѓање ефикасни решенија во образованието, но и во комуникациската практика.

33 Hobbs, R. (2020), “Media Literacy and Online Learning”, достапно на https://reneehobbs.medium.com/educators-all-around-the-world-are-engaged-in-the-process-of-online-learning-during-the-time-of-3e8c0beb982b пристапено на 15.01.2022.

Исто така, мошне важен аспект на медиумската писменост е тоа што таа понатаму служи и како основа за креирање и конципирање дополнителни категории, особено важни за дигитализираните општества на современиот технологизиран и вмрежен свет, како што се дигиталната писменост, дигиталната компетенција, функционалната писменост, концептот на дигитален граѓанин и редица други коишто веројатно се во зародиш, а ќе добиваат сè поголемо значење со зголемената интеграција на дигиталните технологии во образованието, во комуникацијата и во општественото организирање.

Освен тоа, важно е да се нагласи дека медиумската писменост е непрестаен процес. Во модерните, високотехнологизирани општества, поединецот поминува низ неколку развојни фази во однос на медиумите: усвојување на основните поими, стекнување говорно-комуникациски вештини, развивање наративни способности, развивање скептицизам, интензивен развој, истражувачки капацитет, критички приод и општествена одговорност (Potter, стр 50-52)[34]. Првите четири фази се одвиваат во детството, додека интензивната фаза следи веднаш потоа.

Без надворешно-општествена поддршка, најголемиот дел од поединците остануваат на едно исто ниво на својата медиумска компетенција до крајот на својот живот, оценувајќи дека имаат доволно способности правилно да ги толкуваат и да ги користат медиумските содржини и информации. Сепак, пред сè поради динамиката во развојот на модерните ИКТ, медиумските содржини и нивното постојано видоизменување и еволуирање, медиумската писменост во континуитет мора да се одржува и да се надополнува. Идејата на новите пристапи кон оваа проблематика е интегрирањето на медиумската писменост во образованието да ги даде основните алатки, особено во развојните фази на младата популација, а понатаму, со висока општествена свест и ангажман, на граѓаните во континуитет да им се овозможува поддршка со широка вклученост на институциите, граѓанскиот сектор, академската заедница и другите чинители.



34 Potter, J. (2008), Media Literacy, 4th edition, SAGE publications, стр. 50.

# 03

# МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во последните неколку години, медиумската писменост почна позачестено да се појавува во јавната комуникација и во медиумите во Република Северна Македонија, главно во контекст на новите предизвици што ги донесоа интернетот и социјалните мрежи. Бројните проблеми, како што се дезинформациите, т.н. лажни вести, политичката пропаганда, злоупотребите на приватни податоци и снимки, случаите на онлајн малтретирање, говорот на омраза и други, го зголемија фокусот на јавноста, медиумите, граѓанскиот сектор, како и на институциите за можните решенија во овие области. Стручната јавност, граѓанските организации, како и едукаторите и дел од институциите во медиумската писменост сè почесто препознаваат важен концепт и упатно средство за решавање на постоечките проблеми[35]. Како резултат на оваа постапна промена, во Република Северна Македонија можеше да се регистрираат низа активности на полето на медиумската писменост.

Во 2010 година, од страна на Македонскиот институт за медиуми во соработка со Институтот за демократија и со Бирото за развој на образованието, беше изработен Прирачник за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик, при што беа спроведени обуки на над 1000 наставници во основното и средното образование, но за жал, надлежните институции го одложуваа одобрувањето на неговото користење во училиштата и тој не беше спроведен докрај.

35 „Напливот на лажните вести, дезинформации и пропаганда на глобално и локално ниво повлекува потреба од критички ориентирана публика која ќе може да ги препознае информациите во различните вести и соодветно да ги користи медиумите во сите свои форми. Основната алатка за борба против кој било вид злоупотреба на слободата на изразување во/преку медиумите, претставува високото ниво на медиумска писменост на граѓаните кои ќе ги препознаат лажните вести и тенденциозноста во креирањето на јавното мислење. Преку едукацијата за медиумската писменост, граѓаните ќе имаат можност да учествуваат во секој аспект од јавниот живот и во демократските процеси“, извор Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2019), „Регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година“, стр. 59.

Според Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Република Северна Македонија во институционална смисла ја има прифатено дефиницијата на Европската експертска група за медиумска писменост, според која таа се толкува како „капацитет за критичко толкување на текот, значењето, вредноста и последиците од медиумската содржина во своите многу форми, за да им се овозможи на граѓаните да ги користат медиумите и ефективно да комуницираат преку истите“[36].

Во 2017 година, пак, беше создадена Мрежата за медиумска писменост[37] од 35 членки основачи, помеѓу кои и независното регулаторно тело за медиумите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ). Денес бројката на овие членки е речиси удвоена, т.е. има 67 членки[38], помеѓу кои се вбројуваат јавни институции, министерства, граѓански организации, образовни установи и радиодифузери. Мрежата за МП останува активна во промоцијата на медиумската писменост преку активности кои вклучуваат кампањи, проекти, обуки, работилници и други проектни и акциски формати[39], вклучувајќи ги и Деновите на медиумската писменост[40].

АВМУ е воедно и една од првите институции која постапно го воведуваше и го користеше поимот на медиумска писменост, на пример во Стратегијата на радиодифузната дејност за 2013 – 2017 година[41]. Во Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година[42], една од зацртаните развојни цели е „намалувањето на разликите во нивоата на медиумска писменост (што) е стратешки важно прашање и за публиката и за радиодифузерите“.

**„За публиката е неопходно разјаснувањето на критериумите за разликување на веродостојноста, т.е. претпоставената фактичност што ја носат информативните жанрови и документот, наспроти – фикцијата и аналитичноста произлезени од нив, односно – правото за субјективна, но одговорна (жанровска) новинарска или уметничка интерпретација“**[43].

36 „(Медиумската писменост) е вака поставена во Програма за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија 2016 – 2018, која беше изработена во 2015 година, со експертска поддршка обезбедена во рамките на ИПА-проектот финансиран од Европската комисија „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“, извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2019), „Регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година“, стр. 57.

37 Мрежа за медиумска писменост (2021), „Што е ММП“?, достапно на https://mediumskapismenost.mk/shto-e-mmp/ пристапено на 15.01.2022.

38 Мрежа за медиумска писменост (2021), „Членки на мрежата“, достапно на https://mediumskapismenost.mk/clenki-na-mrezata/ пристапено на 15.01.2022.

39 Мрежа за медиумска писменост (2021), „Проекти“, достапно на https://mediumskapismenost.mk/proekti/ пристапено на 15.01.2022.

40 Мрежа за медиумска писменост (2021) „Денови на медиумска писменост 2021 - Виртуелно или реално – правилата се исти!“, достапно на https://mediumskapismenost.mk/?p=5092 пристапено на 15.01.2022.

41 „Документот јасно ја нагласува потребата од промоција на медиумската писменост како најголем интерес на македонското општество, процес во којшто треба да се вклучат образовните институции со механизми за проверка на ефектите од медиумското образование во наставните програми, медиумските професионалци со развивање на саморегулативни кодекси поврзани со почитување на професионалните стандарди за зголемување на нивната одговорност при креирањето на медиумските производи, регулаторните тела во медиумската област и електронските комуникации со развивање на посебни програми со повеќе активности поврзани со медиумската писменост, претставниците на граѓанското општество со различни иницијативи и проекти, како и научните институции со истражувања во оваа област“, Шопар В, Ќупева Т. и Теменугова А. (2016) „Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанство“, Институт за комуникациски студии, Скопје, стр. 18.

42 Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2019), „Регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година, 2019“, достапно на https://avmu.mk/strategija-na-razvoj/ пристапено на 15.01.2022.

43 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2019), „Регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година, 2019“, стр. 12.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на АВМУ ѝ доделува ингеренции и одговорности „да ја поттикнува медиумската писменост, преку соработка со невладини организации, здруженија на граѓани, образовни институции и со други заинтересирани страни, потоа да обезбеди видливост на овие активности преку својата интернет страница и за нив редовно да информира во годишните извештаи“ (член 26). Република Северна Македонија се наоѓа во групата на европските земји кои ја вклучиле медиумската писменост во законските одредби. Како дел од Планот за следење на трендовите од Програмата за медиумска писменост во 2016 и 2019 година, беа спроведени Истражувања на медиумската писменост кај возрасната популација во Република Македонија[44]. Методолошки, мерењата на нивото на медумската писменост се спроведуваат врз основа на насоките од Директивата на ЕУ, и тоа на секои три години[45].

Во останатите анализирани документи, како што се националните програми и стратегии за развој, медиумската писменост најчесто се споменува посредно, преку поимите „информатичка“ или “дигитална писменост“. Во Стратегијата за образованието за 2018 – 2025 година и акциски план[46] на МОН не се споменува медиумската писменост, а вклучени се концептите на ИКТ и дигиталната писменост: „Интегрирани се флексибилни облици на учење и форми за доживотно учење со користење на ИКТ во постојниот систем. Обезбедено е континуирано дигитално описменување во сите професии со прилагодување кон специфичните професионални потреби. На учениците кои го напуштиле училиштето и на невработените им е овозможено да се стекнат со дигитална писменост“[47].

Како што е и забележано во анализата на Шопар и др. (2016, стр. 19), „Никаде во документот не се дефинира дигиталната писменост, на пример, како способност да се користат дигиталните технологии, како алатки за комуникација или мрежи за лоцирање, оценување, користење и создавање информации, или како способност да се разберат и да се користат информациите во повеќе формати од широкиот спектар на извори кои се презентирани преку компјутерите“. ИКТ и дигиталната писменост главно се споменуваат во контекст на дигитализацијата на наставата, но дигиталната писменост останува недоволно дефинирана и специфицирана.

Во Националната стратегија за сајбербезбедност на Република Северна Македонија 2018 – 2022[48] на Министерството за информатичко општество и администрација, во главата „Култура за сајбербезбедност“, се наведува дека: „Промовирањето култура за сајбербезбедност значи поттикнување на одговорност и разбирање за сајберризиците во сите сфери на општеството, преку развивање информирана доверба на корисниците во електронските сервиси, како и подобрување на знаењето како тие притоа да ги заштитат нивните лични податоци“[49].

44 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2019), „Истражување на медиумската писменост кај возрасната популација во Република Македонија за 2016 и 2019 година“, достапно на: https://mediumskapismenost.mk/kampanja-dvapati-proveri-ednash-veruvaj/

45 Може да се напомене дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги следи различна методологија за мерење на компетенциите во медиумската писменост, базирана врз методите развиени од ЕАВИ по насока на Европската комисија.

46 „Општи теми поврзани со целокупниот образовен систем што се опфатени во посебниот 7. столб: законодавство статистики и информации за образованието, ИКТ и дигитална писменост, социјално партнерство, национална рамка на квалификации“, извор: Министерство за образование и наука (2018), „Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план“, достапно на https://mon.gov.mk/download/?f=strategija-za-obrazovanieto-2018-2025.docx, пристапено на 15.01.2022, стр. 64.

47 Извор: Министерство за образование и наука (2018), „Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план“, достапно на https://mon.gov.mk/download/?f=strategija-za-obrazovanieto-2018-2025.docx, пристапено на 15.01.2022,„Стратегија за образованието за 2018 – 2025 година и акциски план“, стр. 67.

48 Министерство за информатичко општество и администрација (2018), „Национална стратегија и Акциски план за сајбер безбедност на Република Северна Македонија 2018 – 2022“, достапно на https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1813 пристапено на 15.01.2022.

49 Министерство за информатичко општество и администрација (2018), „Национална стратегија и Акциски план за сајбер безбедност на Република Северна Македонија 2018 – 2022“, достапно на https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1813 пристапено на 15.01.2022, стр. 25.

Сајбербезбедноста, односно безбедното користење на дигиталните платформи и алатки, има одредени преклопувања со медиумската, со информатичката и со дигиталната писменост. Како што се наведува во истиот документ, „размената на вештини, знаења и искуства во областа на сајбербезбедноста на национално ниво ќе биде постигната преку креирање ад хок меѓуресорски истражувачки тимови составени од експерти од јавниот сектор, приватниот сектор и академската заедница“[50]. Во акцискиот план кон оваа стратегија, меѓу другото, се предвидуваат едуцирање и обука на наставниот персонал во основните и во средните училишта во областа на сајбербезбедноста и обезбедување соодветни и современи мате-ријали за учениците, развој и дистрибуција на едукативни материјали по целни групи, креирање платформа за електронско учење, зголемување на свеста и на основните познавања во областа на сајбербезбедноста кај учениците во основните и во средните училишта, како и поддршка на иницијативи, кампањи, конференции, работилници и семинари во областа на сајбербезбедноста наменети за пошироката јавност[51].

Од разгледаните и анализираните документи и материјали е воочливо дека различни елементи од областа на медиумската, на дигиталната и на информациската писменост има во стратегиите и активностите на институциите, но сепак недостасува интегриран и координиран пристап кон оваа тематика, којшто би ја подобрил ефикасноста на конкретните активности и би придонел кон подобро решавање на постоечките проблеми. Исто така, недостасува јасна интеграција на концептот на медиумска писменост, којшто или отсуствува или се заменува со останатите поврзани концепти, како дигиталната писменост, кои сепак не можат целосно да се изедначат со широчината и приодот што го има медиумската писменост.

## Граѓанскиот сектор и промоцијата на медиумската писменост

Треба да се наведе и да се потврди дека граѓанскиот сектор, меѓународните и невладините организации имаат свој важен придонес во активностите на полето на медиумската писменост, нејзина промоција, поддршка и унапредување во Република Северна Македонија. Покрај тоа што граѓанските организации се членки на Мрежата за медиумска писменост, редица од нив и други имаат свои забележителни активности за медиумската писменост[52]. Во најголем дел тие опфаќаат обуки со наставници и со ученици, изработка на образовни материјали во различни формати (печатени и електронски), семинари, конференции, трибини, истражувачки трудови и анализи.

50 Министерство за информатичко општество и администрација (2018), „Национална стратегија и Акциски план за сајбер безбедност на Република Северна Македонија 2018 – 2022“, достапно на https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1813 пристапено на 15.01.2022, стр. 25-26.

51 Министерство за информатичко општество и администрација (2018), „Акциски план за сајбер безбедност на Република Северна Македонија 2018 – 2022“,стр. 9-10.

52 Повеќе детали во Шопар и др, 2016, а тука можат да се спомнат следните организации кои имаат подолгорочен ангажман и проекти во оваа област: Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии (претходно именуван како Висока школа за новинарство и за односи со јавноста), Младинскиот образовен форум, ИРЕКС, УСАИД, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Меѓународната организација за мигранти, Метаморфозис, Институтот за демократија Социетас цивилис, Македокс, Совет за етика во медиумите, Центар за развој на медиуми, ИДЕА југоисточна Европа, и редица и други.

## Медиумската писменост во формалното образование

Со почетокот на учебната 2021/22 година во основното образование и со новата концепција на Министерството за образование и наука (МОН)[53], беа вклучени содржини од медиумската писменост во одделни предмети во наставата. Во рамките на овие содржини за прво – деветто одделение, вклучени се 5 задолжителни и неколку дополнителни поглавја, коишто се изборни. Засега, според МОН, не се планира воведување посебен предмет со цел „да се избегне зголемувањето на бројот на предмети за учениците“[54], поради техничко организациски фактори чија издржаност треба да се преиспита. Како дел од овие промени, планирани се и соодветни обуки за наставниците, нешто што се посочува како проблематично прашање поради недоволниот обем и разноликост на обуките за наставниците[55].

При анализа на наставните програми во основното и во средното образование, можат да се издвојат следните релевантни наоди, коишто во голема мера се преклопуваат со извештаите за Македонија од последната деценија:

- Во наставните програми нема посебен предмет за медиумите и медиумската писменост;

- Темите за медиумите се вклучени во неколку задолжителни или изборни предмети, како што се: Мајчин јазик (македонски, албански, турски, српски, босански, од прво до деветто одделение за основно образование и од прва до четврта година на средно образование на дел од овие јазици) со 10-12 часа годишно[56], Животни вештини[57] (од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до деветто одделение), Општество (четврто одделение), Творештво (изборен предмет, четврто одделение), Работа со компјутер и основи на програмирањето (трето, четврто и петто одделение), Проекти од информатика (изборен предмет, седмо и осмо одделение) и Граѓанско образование (осмо или деветто одделение, зависно од типот на програмата).

Во рамките на програмското подрачје **Медиумска култура** во предметот Мајчин јазик, вклучени се следните теми:

- **Прво** одделение: различни видови емисии во медиумите (телевизија и радио), видови цртани филмови (куклен и анимиран), како и запознавање со темите за филм, серии за деца, театар, драмска уметност, детски списанија и серија за деца.
- **Второ** одделение: телевизиски содржини, детски печат, списанија и весници.
- **Трето** одделение: радио, радиоемисии, телевизиски емисии, пребарување на интернет.
- **Четврто** одделение: видови ТВ-емисии (образовни, научно-популарни, забавни и др.).
- **Петто** одделение: филм, театар, музика и сценографија.

53 Министерство за образование и наука (2020), „Нацрт концепција за основно образование“, достапно на https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20-%20makedonski%20jazik.pdf пристапено на 15.01.2022.

54 „Убедена сум и мислам дека медиумската писменост не треба да биде посебен предмет. Потребни се помалку предмети со повеќе содржини, а не повеќе предмети затоа што нашите деца не учат критички да мислат и расудуваат и сето тоа треба да се воведе во сите предмети“ Мила Царовска, министерка за образование и наука, Радио МОФ (2020), „Медиумската писменост во образованието ќе почне да се воведува идната учебна година, наставниците ќе имаат клучна улога“, достапно на https://www.radiomof.mkmediumskata-pismenost-vo-obrazovanieto-kje-pochne-da-se-voveduva-idnata-uchebna-godina-nastavnicite-kje-imaat-kluchna-uloga/ пристапено на 15.01.2022.

55 Шопар В., Теменугова А., Аксентиевска М. (2018), „Медиумската писменост во Македонија: Обид за имплементација во основното образование“, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, стр. 55.

56 „Во овој предмет, во којшто учениците најчесто ги учат видовите медиуми (радио, телевизија, печат, онлајн весник), спецификите на различни медиумски содржини и изрази (радиодрами, ТВ емисија, филм,драма и др.) и програми (информативни, забавни, образовни), Шопар В., Ќупева Т. и Теменугова А. (2016) „Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанство“, Институт за комуникациски студии, Скопје, стр. 46.

57 Станува збор за наставна програма којашто се реализира на различни начини во сите развојни циклуси, освен во прво одделение.

- **Шесто** одделение: видови медиуми (електронски, печатени, онлајн), рубрики во медиумите, процес на креирање медиумски содржини (режисер, сценограф, актер, и др.).
- **Седмо** одделение: видови филмови според содржина и намена, позитивни и негативни ефекти на филмот и на другите медиумски формати, што се вест и соопштение, и др.
- **Осмо** одделение: филм, сценарио, ликови.
- **Деветто** одделение: претежно теми од областа на филмско-телевизиската продукција.

Во предметот Општество, исто така, се вклучени теми за различните начини на информирање преку медиумите денес. Во дел од наставните планови вклучени се и вежби, како, на пример, анализа на насловни страници од весници или толкување авторски дела од медиумите.

Во предметот Граѓанско општество се предвидени два часа за темата „Медиумите во демократското општество".

Во предметот Работа со компјутер и основи на програмирање, предвидена е темата „Онлајн живеење", каде што учениците треба да се запознаат со темите информирање преку интернет, како да бараат податоци, што се линкови, барање и прегледување на мултимедијални содржини (видео, аудио и др.).

Во предметот Животни вештини нешто поконкретно се дефинирани наставните содржини коишто во поголема мера се поклопуваат со концептите на медиумската писменост, како што се: развивање критички однос кон медиумите, соодветност на информации и медиумски содржини за различни возрасни групи, корисни и штетни содржини, споредување и извори на информации, медиумите и правата на луѓето, и др.

Во средното образование во Република Северна Македонија медиумската писменост добиваше периодични поттици, често како дел од процесите на реформи што ја предвидуваа дигитализацијата и интегрирањето на новите дигитални технологии во наставата. Воведувањето на овие технологии подразбира и соодветна промена на пристапот во наставата, при што е неопходна поголема интерактивност со учениците, како и промена на фокусот од репродукција на информации кон ефективно користење на информациите и решавање на проблеми. Како дел од овие реформи, анализите и претходните истражувања покажуваат дека најзначајни исчекори кон подобрување на планот на медиумска писменост можат да се регистрираат кај следните предмети: Мајчин јазик и литература, Социологија, Психологија, Информатика, Програмски јазици, Граѓанска култура, Иновации и претприемништво, Говорење и пишување, Педагогија и Ликовна култура.

Слично на наодите за основното образование, медиумската писменост терминолошки и концепциски не е кохерентно вклучена ниту во овој степен на образовниот систем.

**Законот за средно образование нашироко го елаборира процесот на користење на ИКТ технологии, но претежно од технички аспект, додека медиумската писменост, како едукативна единица и концепт, не се споменува.**

Според предметите во средното образование во коишто се вклучени содржини од поширо-ката тематска област на медиумската писменост, сумарно можат да се наведат следните тематски единици блиски на медиумската писменост:

- Мајчин јазик (прва и четврта година гимназиско образование, втора година стручно образование): видови на системи за комуникација, функционални јазични стилови присутни во медиумите (публицистички функционален стил), типови на комуникација (професионална, практична).
- Информатика (прва година гимназиско образование): историја и функционирање на интернетот, теориски аспекти на социјалните мрежи, приватност и лични податоци.
- Информатичка технологија (втора година гимназиско образование): креирање веб-страници.
- Иновации и претприемништво (прва, втора и трета година гимназиско образование): деловна комуникација, маркетинг, ИКТ системи за комуникација, интернет маркетинг, брендирање, интернет-промоција.
- Социологија (прва и трета година гимназиско образование): глобализацијата и медиумите, мас-медиуми.
- Психологија (четврта година): влијание на технологијата врз психичкиот развој.
- Ликовна уметност: визуелна комуникација, дизајн, компјутерска графика, фотографија.
- Говорење и пишување (втора година гимназиско образование): форми на говорно изразување (коментирање, дијалог, дебата).
- Педагогија (трета година): видови комуникации.
- Граѓанско образование (четврта година стручно образование): демократските општества и информирањето, глобализација, мас-медиуми.
- Образование за животни вештини (прва, втора, трета и четврта година): влијанија на медиумите, социјални мрежи, реклами, политичка комуникација, критички однос кон медиумите.
- Бизнис (трета година гимназиско образование): етика во комуникацијата.

Може генерално да се заклучи дека вклучените содржини се корисни и неопходни за образовниот процес во овие два степени на образование, но воочливо е дека недостасуваат повеќе содржини коишто би ги збогатиле и би ги осовремениле наставните програми. Недостасува подобро интегрирање на основните концепти на медиумската писменост на начин што ќе биде концизен и ефективен за применување во образовни и други активности. Преовладува и дисперзираноста на темите, дисконтинуитет во нивното учење, како и фрагментарност по одделни типови на средношколски насоки (гимназиски или стручни). Сепак, треба да се напомене дека овие застапени наставни содржини можат да послужат како солидна основа за понатамошни проширувања, подобрувања и надградувања кои, како елементи, медиумската писменост може да ги поврзе и да ги подигне на едно повисоко образовно ниво.

# 04

# МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Медиумската писменост е една од најважните писмености на 21. век. Во Република Северна Македонија таа сè уште не е на скалата на приоритети на креаторите на образовната политика во високото образование. Наспроти амбициозните реформски зафати во основното образование (особено 2020/2021), со имплементирање на медиумската писменост како начин на учење во сите предмети и нејзино сукцесивно продолжување во средното образование, во високото образование таа сè уште студиски претставува терминолошка дилема. Првите чекори во заживување на концептот на медиумската писменост „ентузијастички" се очекуваат во 2021/2022, но и следната 2022/2023 академска година, со нејзино вклучување во одделни студиски програми.

## 4.1. Нормативна рамка и стратешки документи

Од осамостојувањето на државата до денес, високото образование има поминато низ сериозен процес на реформи. Најголемата е во 2003 година, со ратификацијата на Болоњската декларација како европски простор за високото образование, коешто на тој начин се доближи до европските стандарди на образованието. Односно, промоција на заеднички систем на студии (додипломски, постдипломски, докторски), воспоставување кредит-трансфер систем (мобилност на студентите), соработка меѓу европските високообразовни установи, доживотно учење, признавање на дипломите, зголемување на можностите за вработување. Се разбира, тоа бараше и ревидирање и осовременување на постојните наставни програми. Овие промени резултираа и со бројни измени на Законот за високо образование, до последниот донесен 2018 година[58]. Во него експлицитно е нотирано усогласувањето со европските директиви во областа на заемно признавање на професионалните квалификации што го регулираат минималното времетраење на високообразовни студии за секторските професии во Европската Унија[59].

58 Закон за високо образование, 2018 година, https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf

59 Тоа се Директивата 2005/36/ЕС на Европскиот парламент за признавање на професионални, квалификации, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32005L0036 Директивата 2013/55/ЕУ на Европскиот парламент https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32013L0055

Во тој контекст треба да се спомене и Националната рамка на високообразовните квалификации, со која се определуваат профилот, целите и појдовните основи за формирање на студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и студиските програми за стручно образование пократко од три години[60].

Како значаен документ во образовниот сектор се издвојува Стратегијата за образование со акциски план 2018 – 2025[61] на Министерството за образование и наука, насочена кон унапредување на квалитетот на образованието, инфраструктурата на образовниот систем, капацитетите на човечките ресурси, како и „развој на генеричките и клучните компетенции кај учениците со цел тие да се развијат во критички субјекти, активни и релевантни учесници во општествениот живот“. За тоа, се нагласува, е потребно развивање чекори и алатки за инкорпорирање на: генеричките компетенции – за критичко мислење и носење аргументирани одлуки, за способност за решавање проблеми и примена на знаењата во реални практични ситуации, за интерперсонални и интраперсонални социо-емоционални вештини; како и клучните компетенции – да се учи како да се учи, иновативност и претприемништво, граѓанска и општествена одговорност, културна свесност и изразување, истовремено со клучните компетенции за комуникација на мајчин и странски јазик, за математика, природни науки и технологија и дигитална компетенција. Несомнено, компетенции што се стекнуваат и преку медиумското образование, иако тоа не е експлицитно нотирано во стратегијата.

Вниманието е насочено кон информатичката писменост, со нагласување на потребата од интензивирање на примената на ИКТ во образованието преку воспоставување портал за е-учење и систем за управување со учењето и континуирана обука на кадарот за користење нови технологии и ИКТ-алатки во образованието. Притоа, една од целите на Стратегијата е и создавањето основи за осмислување и „развивање интегрална реформа како една целина која ќе го опфати севкупното образование“, од предучилишното до високото, како процес и можност за доживотно учење, во којшто логично и сукцесивно се надоврзуваат нивоата на образование[62].

Во овој момент, најважен документ којшто медиумската и информатичката писменост ја третира како неизоставен, интегрален дел од образовниот процес е Концепцијата за основно образование (2021) на Министерството за образование и наука[63]. Во неа како клучни области на делување се наведуваат: совладување на основните вештини (математика, јазична писменост и природни науки), вклучително и на дигиталните компетенции, совладување на трансверзалните вештини, како критичко размислување, претприемништво, креативност и граѓански активизам, преку пристапи што се трансдисциплинарни, насочени кон учениците и базирани врз предизвици, негување на учењето јазик и на повеќејазичноста за да се обезбеди мобилност во образованието и на пазарот на трудот и полесно да се надминат културните бариери со коишто се соочува Европа денес, прифаќање на европската перспектива во образованието како комплементарна на националните и регионалните перспективи, за да се овозможи увид во европските вредности и европското секојдневие.

60 Националната рамка на високообразовните квалификации http://www.slvesnik.com.mk/Issues/89987333AA56E54989DD0CB3773E2C5B.pdf#page=16

61 Стратегијата за образование со акциски план 2018 – 2025 http://mrk.mk/wpcontent/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

62 И претходната Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015 го нагласува значењето на компјутерското описменување на младите и возрасните, односно познавањето и работата со информатичко-компјутерската технологија (ИКТ) како есенцијален дел од компетенциите на младите и возрасните и услов за нивна ефикасна манифестација во сферата на трудот и општествено-политичкиот живот.

63 Концепција за основното образование. https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

Потребата од промени во основното училиште е насочена кон „настава и учење во кои се развива аналитичко и критичко мислење, се поттикнува креативност, се учи како да се препознаваат вистинити и невистинити информации и дека нивното правилно користење е далеку покорисно и повредно од поседувањето информации“. Исто така, компетенциите за доживотно учење, а посебно оние што се однесуваат на вештините за креативно изразување, критичко размислување, комуникација и соработка, треба да бидат интегрирани во сите наставни програми и да бидат дел од секој час, на ист начин како јазичната и математичката писменост. Составен дел од „новото образование“ е и дигиталната интеграција, но не само преку едноставно „додавање“ ИКТ на постојните наставни методи, туку и во учењето преку дигитални платформи или настава од далечина, како и преку поддршка на инклузијата на децата со попреченост во редовната настава. Наставата ќе се темели врз интер- и мултидисциплинарен пристап, односно врз интеркурикуларно изучување на медиумската и информатичката писменост. Првите реформи стартуваа од учебната 2021/2022, најнапред во прво и четврто одделение со нови наставни програми, а етапно, во следните пет години, да биде реформирано целото деветгодишно основно образование.

Во овој контекст, треба да се спомене и Националната стратегија за сајбербезбедност на Република Македонија 2018 – 2022[64] на Министерството за информатичко општество и администрација. Во неа се истакнуваат пет клучни области за сајбербезбедност, наменети за зголемување на капацитетите за одбрана од сајберзакани и зголемување на безбедноста во сајберпросторот во сите сектори и на сите нивоа. Во делот за Сајберкапацитети и култура на сајбербезбедност, меѓу другите, се истакнуваат и следните активности: развој и промоција на наставни програми и обуки за сајбербезбедноста на сите нивоа, зголемување на свеста и на основните познавања во областа на сајбербезбедноста на ученици во основните и во средните училишта, усовршување на постоечките наставни програми во основните и во средните училишта и вклучување елементи од областа на сајбербезбедноста во новите универзитетски студиски програми со цел продуцирање поквалитетни кадри за сајбербезбедност, зголемување на свеста и на основните познавања за сајбербезбедноста кај граѓаните и граѓанските организации.



64 Националната стратегија за сајбербезбедност на Република Македонија 2018-2022 https://www.mioa.gov. mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/ns_sajber_bezbednost_2018-2022.pdf

## 4.2. Структура на универзитетите и факултетите во државата

Во Република Северна Македонија функционираат вкупно 24 акредитирани високо- образовни установи[65], од кои шест јавни, еден приватно-јавен и единаесет приватни универзитети; два (приватни) факултети и четири (приватни) високи школи. Најголем и најстар е јавниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ)[66], со 23 факултети, од кои повеќето се „универзитети во мало“ – составени од повеќе институти, катедри, департмани или студиски програми[67], а најмлад е јавниот Универзитет „Мајка Тереза“, основан во 2015, а којшто започна со работа во учебната 2016/17 година. Од приватните, најстар и најголем е Универзитетот ФОН со 8 факултети, а секој од нив со повеќе студиски програми[68].

Голем број од високообразовните институции нудат студиски програми од областа на медиумите, комуникациите, новинарството, информатичките технологии. Сепак, медиумската писменост не е посебен предмет – задолжителен или изборен. Првите промени стартуваат  оваа и следната, 2022/2023 академска година. Така, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, од академската 2021/2022 година на студиската програма Социјална и рехабилитациска педагогија, во четврта година од студиите, за првпат како изборен предмет се нуди Медиумска писменост[69]. На Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во новата акредитација за 2022/2023 година, на Институтот за педагогија е предвиден предметот Медиумска писменост и медиумска култура.

Слично е и на Факултетот за јазици, култури и комуникации при Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово, каде што на студиската програма по меѓународно комуницирање, од академската 2022/2023 година, како задолжителен предмет на прв циклус се воведува Медиумска писменост, а на втор циклус Дигитална писменост, додека на другите студиски програми на Универзитетот тие се нудат како изборни предмети[70]. И на Факултетот за социјални науки на Универзитетот „Мајка Тереза“, односно на студиската програма Медиуми и интеркултурна комуникација (насока Култура, насока Комуникација и насока Медиуми и новинарство), од академската 2022/2023 година задолжителен предмет е Медиумската писменост[71].

---

65 Акредитирани високоообразовни институции од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија https://mon.gov.mk/page/?id=2047

66 Универзитетот е формиран 1949 година со три факултети. Денес во својот состав има 23 факултети, 5 научни институти, 4 јавни научни установи – придружни членки, 1 придружна членка – друга високообразовна установа и 7 придружни членки – други организации. Повеќе на: http://www.ukim.edu.mk/mk_struktura.php

67 Филозофскиот факултет има 12 институти, Филолошкиот факултет – 11 катедри, Природно-математичкиот – 7 институти, Факултетот за земјоделски науки и храна – 9 студиски програми, Економскиот факултет – 7 департмани, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – 7 студиски програми. Речиси сите во рамките на институтите, катедрите, департманите имаат и повеќе студиски програми. Повеќе: http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Studiski-programi-I_ciklus-2021.pdf

68 Универзитетот е основан 2003 година како Факултет за општествени науки, 2005 година, со воведување нови академски области, станува ФОН Универзитет, а 2020 година прераснува во Американски универзитет на Европа (АУЕ-ФОН).

69 Станува збор за нова програма (акредитирана 2020 година), а се однесува на студенти запишани во академската 2021/2022 година. Извор: https://pfbt.uklo.edu.mk/studii/prv-ciklus/

70 Новата програма по Меѓународни комуникации е во процес на акредитација и веќе има добиено првична согласност. Извор: интервју со деканот на Факултетот  за јазици, култури и комуникации при УЈИЕ, Тетово.

71 Според елаборатот за Факултетот за социјални работи, предметот Медиумска писменост е застапен во сите три насоки – Медиуми и новинарство, Комуникација и Култура, а ќе се ажурираат и други предмети од сферата на новинарството, како Лажни вести. Овие предмети ќе бидат понудени како изборни  на другите факултети на универзитетот. Извор: интервју со професор на Факултетот за социјални науки при УМТ, Скопје.

Од друга страна, кај другите високообразовни институции, предмети коишто имат најмногу допирни точки со медиумската писменост (односно, нејзина застапеност со сет од методски единици) се Медиуми и образование, Медиумска култура, Образование и медиумската култура, Односи со медиуми, Медиуми и комуникации, Медиуми, општество и вмрежување, Медиуми и општество, Масовни медиуми, Социјални мрежи и медиуми, Образование за новите медиуми и други. Во оваа смисла се издвојуваат следните факултети и студиски програми:

– **Правен факултет – УКИМ**, Студии по новинарство со предмети како Теории на новинарството, Медиуми и глобализација, Комуникологија, Јавно мислење, Нови медиуми, Социологија на комуникации (задолжителни), Известување во новинарството, Истражувачко новинарство, Е-новинарство (изборни); Политички студии со предмети како Јавно мислење и масовни комуникации, Глобализација, Реторика (задолжителни); Односи со јавноста со предмети како: Политичка пропаганда и убедување, Односи со медиумите, Јавно мислење (задолжителни).

– **Филозофски факултет – УКИМ, Институт за социологија** со предмети како Социологија на масовните комуникации (задолжителен), Медиумите и образованието, Истражување на медиуми и публика, Новите медиуми и дигиталната култура (изборни).

– **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) – УКИМ**, студиски програми: Интернет, мрежи и безбедност, Компјутерска едукација, Компјутерски науки, Компјутерско инженерство, Примена на информациски технологии, Софтверско инженерство и информациски системи, Software engineering and information systems со предмети како Социјални мрежи и медиуми, Медиуми и комуникации (изборни).

– **Правен факултет – УГД (јавен Универзитет „Гоце Делчев" Штип)**, Медиумски студии и односи со јавноста со предмети како Вовед во новинарство, Историја на новинарство, Слобода на медиуми и изразување, Медиумско право и етика, Основи на комуникација, Известувачко новинарство, Медиуми, општество и вмрежување, Медиумски жанрови, Јавност и јавно мислење, Пишување во печатени медиуми (задолжителни).

– **Правен факултет – ДУТ (Државен Универзитет Тетово)**, студиска програма по новинарство со предмети како Теории во новинарството, Медиумите и општеството, Комуникологија, Медиумска продукција, студиска програма по политички науки со предмети како Политички институции, Политички системи.

– **Факултет за социјални науки – УМТ (Универзитет „Мајка Тереза" Скопје)**, студиска програма по медиуми и комуникации – комуникации со предмети како Основи на масовно комуницирање, Демократија и нови медиуми, Медиуми и глобализација, Социологија на медиуми/комуникација (задолжителни), Медиуми и општество, Интернет-основи на комуницирање, Онлајн новинарство и социјални медиуми (изборни), студиска програма медиуми и комуникации – новинарство со предмети Основи на масовни комуникации, Медиуми и глобализација (задолжителни), Демократија и нови медиуми, Медиуми и општество, Онлајн новинарство и социјални медиуми (изборни) .

– **Факултет за јазици, култури и комуникации – УЈИЕ (јавно-приватен Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово)**, студиска програма по меѓународни комуникации со предмети како Теории на комуникации, Медиумско пишување и известување, Политичка комуникација, Меѓународни медиуми, Социјални мрежи (задолжителни), Убедување, Етика во комуникации, Медиуми и општество, Аргументирање и дебатирање (изборни).

– **Факултет за комуникации – МБУ (приватен Меѓународен балкански универзитет – Скопје)**, студиска програма по нови медиуми и комуникации со предмети како Комуникациски вештини, Вовед во нови медиуми, Историја на комуникации и медиуми, Вовед во социјални медиуми, Нови медиуми и општеството, Анализа на социјални медиуми, Хумана компјутерска интеракција (задолжителни), Едукација за нови медиуми, Масовни медиуми (изборни), студиска програма по односи со јавноста со предмети Комуникациски вештини, Теории на комуникации, Вовед во социјални медиуми, Масовни медиуми, Медиуми и општество, Дигитална комуникација, Комуникација и убедување (задолжителни), Образование за нови медиуми, Политичка комуникација (изборни).

– **Факултет за политички науки – УАКС (Универзитет Американ колеџ Скопје)**, студиска програма по психологија со предмети како Медиуми и политика, Односи со јавноста, Говорна комуникација (изборни), студиска програма по меѓународни односи и дипломатија со предмети како Медиуми и политика, Говорна комуникација (изборни).

– Посебна група се педагошките факултети и студиските програми на кои се едуцираат идните наставници, воспитувачи, педагози, кои потоа се вклучуваат во системот на предучилишно воспитание, на основно и на средно образование и кои активно треба да партиципираат во имплементирањето на медиумската писменост во образовниот процес. Освен тоа, тие ги следат наставните програми во основното образование (особено воспитно-образовното подрачје Медиумска култура).

– **Филозофски факултет – УКИМ, Институт за педагогија** со предмети како Медиумска култура, ИКТ во наставата (изборни).

– **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – УКИМ**, студиска програма по предучилишно воспитание со предмет Медиумска култура (изборен), студиска програма по одделенска настава со предмет Медиумска култура (изборен), студиска програма по библиотекарство со предмет Медиумска култура (изборен).

– **Факултет за образовни науки – УГД**, студиска програма по одделенска настава со предмети Образованието и медиумската култура, ИКТ во наставата (изборни), студиска програма по педагогија со предмет Образованието и медиумската култура (изборен).

– **Педагошки факултет – УКЛО (јавен Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола)**, студиска програма по социјална и рехабилитациска педагогија со предмет Медиумска писменост (изборен), студиска програма по преведување, англиски јазик и книжевност и македонски јазик и книжевност со предметот Медиумска култура (изборен).

– **Педагошки факултет – ДУТ (Државен универзитет Тетово)**, студиска програма по одделенска настава со предмети како Симетрично комуницирање, Стратегии на комуницирање, Комуникациски вештини, студиска програма по педагогија со предмети како Концепти на доживотно учење, Ефективна комуникација, Истражувачки вештини во педагогијата, Медиумска култура (изборен).

## 4.3. Медиумската писменост во академската сфера во државата

Ако се суди според вкупниот број на универзитети, факултети, професори и студенти, академската заедница во Република Северна Македонија има респектибилна бројка[72]. За изборот на идната професија, на студентите на располагање им е богатство од студиски програми од техничките, хуманистичките и општествените науки. Сите, а особено оние што ќе се определат за студии по комуникации, медиуми, новинарство или за педагошките студии тешко во програмата ќе го пронајдат предметот Медиумска писменост, туку негова замена со сроден предмет (како Медиумска култура) или вклучување на негови одделни методски единици во други слични предмети. Наспроти тоа, денес сѐ повеќе медиумската се заменува со „медиумска и информациска писменост“ (особено УНЕСКО). Каде сме ние тука, како држава која ги прифаќа европските стандарди на образованието, и какви се ставовите и мислењата на професорите и студентите за тоа?

## 4.4. Професорите и медиумската писменост

За професорскиот кадар нема дилема дека концептот на медиумската писменост нужно мора да биде составен дел од системот на образованието во државата. Конечно, „станува збор за функционална писменост во времето во кое живееме, без оглед дали ќе ја наречеме медиумска, информатичка или дигитална писменост“[73]. Таа ширум светот се издигнува на ниво на јазично описменување. Советот на Европа ја има вградено во институционална рамка како составен дел од регулацијата и политиките во областа на образованието, доживотното учење, медиумското и информатичкото општество.

Имплементацијата на медиумската писменост во високото образование во Република Северна Македонија е неминовност, бидејќи младите луѓе – идни апликанти на глобалниот пазар на трудот, живеат, учат и треба да работат во дигитално опкружување. Но, професорите се согласни, таа е потребна во сите фази од образованието, почнувајќи од најраната, во основното образование, потоа во средното и во високото. Имено, децата уште на 6-годишна возраст, пред да станат дел од школската програма, пред да ја научат азбуката, ги користат медиумите. Значи, базата е во основното и во средното образование, а потоа и во високото, за да се надомести задоцнето од претходните степени на образование, но и поради драматично брзиот прогрес на информатичко-комуникациските технологии и медиуми.

72 Според Државниот завод за статистика, во учебната 2020/2021 година на високите стручни школи и факултети се запишани вкупно 50. 881 студент, претходната 2019/2020 година 51.734 студенти, а 2018/2019 година 53. 677 студенти. Извор: https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblastaspx?id=29 Од друга страна, во академската 2020/2021 година, во државата имало вкупно 4.288 наставници и соработници во наставата во високообразовните установи, во 2019/2020 биле 4.437, а во 2018/2019 биле 4.323. Извор: https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=22&rbrObl=5

73 Став на професор на Правниот факултет во Скопје, УКИМ; на студии по новинарство и политички студии, интервју реализирано на 3.12.2021 год.

Пристапот, се разбира, треба да биде скалест, со едукативни материјали и раскажување приказни кај најмалите, потоа учење за донесување одлуки за разни ситуации, набљудување, анализа на општествени појави и процеси, во средно – интердисциплинарно со користење на ставовите од една област во друга и нивна критичка анализа, а на факултет продлабочување на сознанијата и специјализација во зависност од струката[74]. Мора да има континуитет. Притоа, „на медиумската писменост треба да се гледа како на нешто што постојано се менува и затоа спаѓа во рамките на доживотното учење“[75].

Сепак, со Стратегијата за образованието 2018 – 2025 (работена со поддршка на Европската комисија за образование) се поставени националните стандарди за образовниот систем во државата. Во неа се зацртани основите од коишто понатаму може реално да се препознае колку и како треба да се изучува медиумската писменост. Она што понатаму треба да се направи е: **...концепт каде медиумската писменост точно ќе биде дефинирана во рамките на образовниот систем. Што е медиумска писменост во основното образование? Што е медиумска писменост во средното образование? Што е медиумска писменост во високото образование? Што е информатичка писменост?**[76] Тоа е систематски, сеопфатен процес којшто треба да се одвива во рамките на ресорното министерство, но дефинирањето на методите и техниките, во согласност со конкретниот тип на образование, мора да биде оставено на универзитетите и на факултетите[77], во согласност со нивната „академска самостојност во изготвување на студиските програми и оттука преземањето иницијатива за изнаоѓање форми и начини за воведување на медиумската писменост преку постапка на акредитација“[78].

Притоа, еден од клучните предизвици за медиумската писменост настанува во контекст на дигитализацијата. **Користиме технологии кои се во интеракција со одредени содржини, публика, извор, а не можеме да ги забележиме импликациите на производите од оваа интеракција. Медиумската писменост е толкав проблем само поради истовремената информатичка неписменост. Користењето дигитални алатки во образованието е најдобриот начин за посуштинско запознавање со медиумската писменост.**[79] Во исто време, факултетите, наместо да го имаат најдобриот хардвер и софтвер, се снаоѓаат со понекоја интерактивна табла или скромен информатички кабинет за изведување на наставата. Освен тоа, досегашните реформи во образованието најчесто се одвиваа неконзистентно и завршуваа половично и несуштински.

Но, кога станува збор за тоа каде конкретно во високото образование да се изучува медиумската писменост, размислувањата на професорите се различни. Најголемиот дел од нив сметаат дека местото на медиумската писменост, пред сѐ, е во областа на општествените и хуманистичките науки. Тие ги апострофираат студиите по новинарство и комуникации, социологија и педагогија, а особено наставничките факултети (пред сѐ, одделенската настава) со медиумската писменост како задолжителен предмет, за **наставниците да се описменат за да знаат да описменуваат деца**[80]. На тој начин, **со стекнување комплетна педагошка, психолошка, дидактичко-методска писменост и култура, студентите ќе можат подоцна**

74 Исказ на професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ Скопје, интервју реализирано на 3.12.2021 год.
75 Став на професор на Меѓународниот балкански универзитет – Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год.
76 Став на професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, интервју реализирано на 3.12.2021 год.
77 Став на професор на на Факултет за политички науки при Универзитет Американ колеџ Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год.
78 Исказ на професор на Педагошкиот факултет „Климент Охридски“ – Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год.
79 Став на професор на Факултет за политички науки при Универзитет Американ колеџ Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год.
80 Став на професор на Филозофскиот факултет, Институт за педагогија, УКИМ, интервју реализирано на 4.12.2021 год.

**(како наставници) квалификувано да ја пласираат на следните генерации ученици**[81]. На другите факултети, таа треба **дисперзирано да се изучува во повеќе сродни предмети како алатка за учење, со што студентите би се описменувале како да формираат критички став и како да ги ползуваат медиумите како алатка во своето живеење и работење, но не како досега спонтано и препуштено на ентузијазмот и на општествената одговорност на професорите кои се занимаваат со оваа тематика**[82].

Присутен е и ставот дека **медиумската писменост треба да се гледа интегрирано, што значи дека секој наставник, професор, даскал, учител во рамките на својот предмет треба да вметнува одредени аспекти на медиумската писменост, затоа што учебниците не се единствениот извор на знаења по кој било наставен предмет**[83]. Односно, се користат телефони, лаптопи, слики, снимки, се пишува, се презентира, се зборува, и на тој начин мултидисциплинарно се испреплетуваат повеќе дисциплини. Значи, еден динамичен повеќеслоен и повеќенаменски процес. Можеби токму поради тоа сè повеќе се зборува за мултиписменост. **Живееме во дигитална ера и сакале или не, мора да бидеме во чекор со времето. Медиумите сè повеќе стануваат составен дел на нашата професија и нашето секојдневие и сите ние ќе треба да научиме да живееме со тоа**[84]. Дури, без претерување може да се каже дека **ние веќе сме дигитални единици**[85]. Оттука и аргументот за медиумската писменост како неизоставен дел на сите факултети:

> **Во услови кога се бараат применети знаења, кога наставата се преструктуира кон проектни активности, истражувања и интегрирање на знаења и вештини од различни области; и кога користењето на содржини од електронски медиуми; дигитални библиотеки, како и различни дигитални алатки и платформи стануваат неминовност, медиумската писменост прераснува во базична писменост на модерниот човек – исто како и способноста да читаме букви.**[86]

Во таа смисла, без оглед дали на факултетите и на универзитетите е имплементирана медиумската писменост како посебен предмет или не, таа сепак се „практикува" во голем број студиски програми со разновидни методски единици. Во наставата редовно е присутен пристапот на интерпретација и анализа на различни содржини. Речиси нема предмет (особено од медиумската и педагошката сфера) каде што студентите не прават анализа, споредба, евалуација и критички осврт на информациите.

81 Став на професор на Педагошки факултет при Државниот универзитет – Тетово, интервју реализирано на 9.12.2021 год.
82 Став на професор на Правниот факултет при УКИМ, на студиите по новинарство и на политичките студии, интервју реализирано на 3.12.2021 год.
83 Став на професор на Филозофскиот факултет при УКИМ, при Институтот за педагогија, интервју реализирано на 4.12.2021 год..
84 Став на професор на студиската програма по Медиуми и интеркултурна комуникација при УМТ – Скопје, интервју реализирано на 8.12.2021 год..
85 Став на професор по Меѓународни комуникации при УЈИЕ – Тетово, интервју реализирано на 9.12.2021 год.
86 Став на професор на Педагошкиот факултет „Климент Охридски" при УКИМ – Скопје, интервју реализирано на 20.12.2021 год..

Тоа е составен дел од предавањата и вежбите, на кои студентите **самостојно избираат медиумска содржина и прават критичка анализа**[87], **изработуваат и презентираат проектни задачи со критичка анализа на медиумски содржини (дезинформации, манипулации)**[88], или **есеи со медиумски референци (весници, блогови, статии) и критички осврт кон нив**[89]. Студентите во семинарските трудови (за социјалните медиуми, телевизијата и нивното влијание), **истражуваат актуелни теми**[90], **прават критичка анализа на конкретни прашања и проблеми и вклучени се во разни трибини, дебати, работилници**[91].

Не се исклучок ни вежбите на кои **споредуваат и анализираат иста информација презентирана на различни портали на интернет**[92].

За актуелни теми и прашања (како дезинформации) и **проблематични содржини на новите медиуми на вежбите се расправа со експерти – новинари од практиката**[93]. Тие се ангажираат и **самостојно да обработат актуелен настан, да го снимат, текстуално да го поткрепат и материјалот да го постават на интернет-страницата на училиштето, како модел за ученици за основно образование**[94]. Тие на вежбите **анализираат новинарски текстови и препознаваат што е информација а што коментар, дали има повеќе извори, автор на текстот, проценуваат како една медиумска содржина е третирана, што недостасува од аспект на објективност, вистинитост, етичност**[95]. На располагање имаат и студентско радио, студентска телевизија, медиумска лабораторија каде што реализираат кратки филмови од одредена тематика[96]. Сублимирано:

**Воведувањето предмет Медиумска писменост во студиските програми е еден вид на бајпас-решавање на проблемите во кардиологијата. Значи, интелектуалецот секогаш е научен да анализира и да споредува и ништо да не прифаќа здраво за готово. Ако ние како образовен систем извадиме квалитетен кадар во секоја професија, значи тој ќе научи да мисли. А трендот во светот не е собирање информации како во компјутер, туку да го научиме студентот да менаџира со информациите. Ако имаме такви интелектуалци, тогаш ќе имаме и медиумски писмени луѓе[97].**

87 Исказ на професор на Педагошкиот факултет „Климент Охридски“ – Скопје, како и став на професори на Педагошкиот факултет – Битола, интервју реализирано на 20.12.2021 год..

88 Исказ на професор на Правниот факултет, медиумски студии при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, интервју реализирано на 3.12.2021 год..

89 Исказ на професор при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ, интервју реализирано на 3.12.2021 год.

90 Исказ на професор на Филозофски факултет при УКИМ, Институт за педагогија, интервју реализирано на 4.12.2021 год..

91 Исказ на професор на Меѓународниот балкански универзитет – Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год.

92 Исказ на професор на Правниот факултет, медиумски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, интервју реализирано на 13.12.2021 год.

93 Исказ на професор на Правниот факултет, студии по новинарство при УКИМ – Скопје, интервју реализирано на 3.12.2021 год.

94 Исказ на професор на Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, интервју реализирано на 3.12.2021 год.

95 Исказ на професор на студиската програма по меѓународни комуникации при УЈИЕ – Тетово, интервју реализирано на 9.12.2021 год.

96 На пример на Универзитетот „Мајка Тереза“, исказ на професор од студиската програма за медиуми. На Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, универзитетското радио и универзитетската телевизија (со опрема и студија) се формирани 2007 година. Исказ на професор на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип, интервју реализирано на 3.12.2021 год.

97 Став на професор на Правниот факултет, медиумски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, интервју реализирано на 13.12.2021 год.

## 4.5. Истражувачка дејност

Што се однесува на истражувачката работа поврзана со медиумската писменост, професорскиот кадар на различни начини е вклучен во овие активности, но најчесто индивидуално и недоволно. Вообичаено станува збор за соработка во проекти на невладини организации (преку меморандуми за соработка) и ангажман од позиција на професори од областа[98]. Искуствата се различни, од учество во проекти со изготвување едукативен материјал за борба против лажни информации, дезинформации и сајберсигурност (за основно образование)[99], проекти за мултикултура и меѓуетничка интеграција со кампањи и обуки[100], проекти за превенција од сајбернасилство, врсничко насилство со обука со учители и педагози, психолози, ученици од разни училишта и родители[101], проекти за заштита на деца од онлајн малтретирање и други форми на сајбер насилство врз млади[102], до проекти поврзани со ревидирање на постојните студиски програми и вградување предмети од областа на медиумската писменост[103]. Настојувањата се и студентите да се ангажираат, ако не поинаку, барем преку обуки.

## 4.6. Инклузивноста во образовниот систем

Притоа, мора да се спомне инклузивноста како стратешка определба на државата во образовниот систем како целина. Стратегијата за образованието 2018 – 2025 посебно е насочена кон обезбедување целосен опфат во образовниот систем на сите лица со посебни образовни потреби, приспособување на наставните програми на нивните потреби и можности, унапредување на инфраструктурата на образовниот систем, зајакнување на капацитетите на наставниците и стручните служби. Во практиката системот функционира повеќе години (особено во основното образование), а искуствата на факултетите се различни.

Дел од професорите ќе речат дека **наставните содржини се достапни рамноправно и еднакво за сите, студентите со различни попречености успешно ги совладуваат предвидените цели од студиската програма**[104], на располагање им е **технолошки напреден систем со е-индекс, платформа е-учење, е-библиотека, е-настава што многу помага**[105], или **хибриден модел на настава каде што студентите можат да бираат различни материјали во звучна, видеоформа, во печатена, во електронска верзија**[106].

98 Исказ на професор на Правниот факултет, студии по новинарство при УКИМ – Скопје, интервју реализирано на 3.12.2021 год.
99 Соработка со невладината Метаморфозис – Скопје, на повеќе проекти. Исказ на професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ, Скопје, интервју реализирано на 3.12.2021 год.
100 Исказ на професор на Педагошкиот факултет на Државниот универзитет Тетово, интервју реализирано на 9.12.2021 год.
101 Станува збор за проект што се работи со фондацијата Чекор по чекор, а финансиран од фондацијата Save the children. Исказ на ангажиран професор од Педагошкиот факултет при УКИМ – Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год
102 Станува збор за „Каспер“ проект финансиран од каскаден проект на Европската Унија од Хоризонт 20/20 програмата, со имплементација на алатки од вештачка интелигенција, машинско учење, natural language processing и слично. Исказ на професор учесник во проектот од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ Скопје во интервју реализирано на 6.12.2021 год.
103 Исказ на професори на Педагошкиот факултет од Битола, интервју реализирано на 20.12.2021 год..
104 Исказ на професор на Педагошкиот факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, како и исказ на професор на Педагошкиот факултет при УКИМ, Скопје, интервју реализирани на 10.12. и 20.12.2021 год.
105 Исказ на професор на Правниот факултет, студии по новинарство при УКИМ – Скопје, интервју реализирано на 3.12.2021 год.
106 Исказ на професор на Меѓународниот Балкански Универзитет – Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год.

Освен тоа, **инклузивноста е фактор којшто се зема предвид при самото конципирање на наставата, со цел содржините да можат да се адаптираат на сите категории студенти**[107].

Но, **недостасува инфраструктура (градби, опрема, асистивни технологии) особено за студенти со пречки во движењето и проблеми со видот**[108]. Тука посебно треба да се истакне ангажманот на професори и студенти од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (УКИМ), којшто заедно со Филозофскиот факултет (УКИМ), промовираше алатка за „text to speech, voice to text“ за лица со оштетен вид да слушаат напишани текстови и на тој начин да учат. Потоа сите материјали за учење се објавени на „ring menagement sistem“ со достапност на видеоснимки од предавања, слајдови и алатки за зголемување на екранот. Всушност, факултетот во континуитет работи (неколку екипи) врз процесирање природни јазици, разни агрегатори на вести, системи за превод за слепи лица и лица со посебни потреби. Тековно работат (проект Еразмус) врз проект за употреба на роботи во комуникација со деца со аутизам, но поразително, на лицата со посебни потреби им е оневозможен физички пристап на самиот факултет, нема рампа за влез во зградата или лифт[109].

Генерална оценка на професорите е дека медиумската писменост со децении наназад е светски „проблем“ којшто бара сериозен пристап, иако ние како сè уште да не сме свесни за нејзиното значење, што ќе се случува во 21 век и како ќе се справуваме со информациите и медиумите што нè бомбардираат од сите страни. Освен тоа, денес таа доживува и терминолошка трансформација и сè повеќе се зборува за дигитална писменост како доживотна компетенција. Во таа смисла, за перспективите на медиумската писменост во образовниот систем во Република Северна Македонија, можеби најсеопфатен се чини ставот на професорите од Универзитетот во Битола: Медиумската и информациската писменост денес се еднакви на математичката и јазичната писменост, значи неизоставен дел од компетенциите на младите луѓе.

Но, кај нас поголем проблем е материјално-техничката неопременост на голем дел образовните институции (пред сè, на основните училишта) што процесот го прави сложен, дури и невозможен во одредени средини. **Вниманието во Македонија треба да биде насочено на осовременување на условите за работа (дидактички материјали, техника, опрема, брз интернет, компјутерски кабинети, лаборатории итн.)**, како и еднаков пристап за сите ученици до материјалите и техничката опрема како клучни барања на Милениумските цели на образованието.[110] Медиумската и информатичката писменост како неразделен дел од човечкото битие мора да биде успешна приказна и кај нас[111].

107 Исказ на професор на Факултет за политички науки при Универзитет Американ колеџ Скопје, интервју реализирано на 10.12.2021 год..

108 Исказ на професор на Правниот факултет, студии по новинарство при УКИМ – Скопје како и исказ на професор од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ – Скопје, интервју реализирано на 3.12.2021 год.

109 За тие цели активно соработуваат со Универзитетот „Јохан Кеплер“ од Линц, Австрија, со невладината „Open the windows“ од Скопје, со Виенскиот технички факултет. Исказ на професори на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ – Скопје, интервју реализирано на 6.12.2021 год.

110 Став на професори на Педагошкиот факултет од Битола, интервју реализирано на 20.12.2021 год..

111 Исказ на професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, интервју реализирано на 3.12.2021 год.

## 4.7. Медиумско описменување на студентите

Медиумската писменост не се изучува на факултетите и универзитетите во земјата иако одредени нејзини аспекти можат да се сретнат во други, сродни предмети. Сепак, на македонските студенти таа не им е туѓа и располагаат со одреден спектар (иако некомплетен) на знаења од различни предмети уште од средно училиште, пред сè од предметот Социологија, додека од предметите што ги изучуваат на факултет сознанијата се поврзани со структурата на медиумите, пристапот кон нивните содржини, пренесувањето информации, влијанието на медиумите, препознавање на вистинските наспроти неточните вести, но и анализа, селекција и репродукција на медиумските содржини.

Отсуството на медиумска писменост во наставата се надоместува со предмети како Масовни медиуми, Медиуми и општество, Популарна култура, Пропаганда и убедување, Медиумско пишување, Етика во комуницирањето[112]. Посебно се издвојува предметот Медиумска култура, редовно присутен на сите педагошки факултети и со повеќе методски единици за медиумската писменост. Студентите учат како да ги анализираат информациите според структурата, авторот, изворите, како да „откријат“ неточни вести и податоци. Ако порано во средно училиште тешко ги препознаваа разликите меѓу професионалната и лажната вест, сега веќе го немаат тој проблем, но останува опасноста поради фактот што овие вести буквално се шират со брзина на светлината и привлекуваат внимание со ударните наслови. Исто така, студентите во наставата користат и посебни прирачници и книги со објаснување за медиумската писменост[113]. Оттука и нивниот јасен став за тоа што е и како се дефинира медиумската писменост:

> **...одредена способност на човекот да може да пристапи, да анализира, да проценува, да има свој критички осврт за медиумска содржина во различна форма и на крај, да делува или да ја користи таа содржина во иднина.**[114]

Или, како знаење за улогата, влијанието, моќта на медиумите во општеството, знаење како да се справиме со информациите кои секојдневно циркулираат во медиумите, анализа и процен- ка на медиумските текстови, и тоа преку стекнати вештини за критичко размислување[115]. На тој начин медиумската писменост им помага да ги препознаат вистинските вредности во информациите што се пласираат.

Исто така, студентите ќе речат дека ...да си медиумски писмен не значи само да знаеш да читаш и да пишуваш, туку критички да се осврнеш кон тоа што го читаш како инфор- мација... да имаш осет за селекција на информациите и нивна анализа за на крај да дојдеш до објективната стварност... затоа е многу важно вестите да не ги читаме само механички и да не ги сфаќаме здраво за готово, туку да се повикуваме на повеќе извори и од повеќе

112 Став на студенти од фокусна група на Факултетот за комуникации при Меѓународниот Балкански Универзитет, како и став на студенти од фокусната група на Факултетот за јазици, култури и комуникации при Универзитетот на Југоисточна Европа.

113 Студентите од фокусната група при Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип посебно ги посочуваат „Прирачник за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации“ на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста (подоцна споена со Институтот за комуникациски студии) како и „Настава и учење во 21 век“ – прирачник за наставниците во основното образование, финансиран од УСАИД, во рамките на проектот за основно образование спроведен од Академијата за развој на образованието, Скопје 2009.

114 Исказ на студент од фокусна група од Факултетот за образовни науки, од Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

115 Исказ на студент од фокусна група на студенти од Педагошкиот факултет од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола.

медиуми[116], иако останува можноста за дезинформации и шпекулации, особено кога станува збор за релативно нови и непознати теми (како вакцините против короната) без доволно релевантни сознанија.

Македонските студенти се согласуваат дека живееме во дигитализирано секојдневие во кое доаѓаме до сè повеќе информации и вести кои не секогаш се потврдени. Секој што има пристап до интернет може да напише некоја вест, дали на социјалните медиуми, дали преку некој блог, да направи негова страница и да споделува на мрежите до кои младите доаѓаат многу често. Зарем за тоа не ни треба едукација? Освен тоа, таа инфлација на информации многу често може да биде збунувачка, не само за младите, туку и за другите граѓани. Како добар пример за тоа многу често ја спомнуваат пандемијата со КОВИД-19 и огромниот број различни статии и информации за вирусот, од кои бројни се покажаа како невистинити. Несомнено, коронакризата отвори голем простор за ширење на лажни вести, а најчести канали беа социјалните мрежи, порталите и медиумите. Токму затоа, нужно потребна е медиумската писменост како:

**Појдовна точка врз којашто се темели нашето користење на медиумите и нашето толкување и восприемање, смислата на пораката од информациите коишто се објавени и коишто ни се упатуваат. Доколку се зголеми медиумската писменост, особено кај младите, ќе бидеме многу поподготвени да направиме проценка и анализа на тоа што го добиваме како информација за да превенираме манипулации. Целата медиумска писменост како концепт не е краен производ, туку е процес низ којшто треба сите ние да поминеме.**[117]

Тука можеби клучен предизвик е градењето критичкото размислување, но не само преку медиумската писменост, туку во целиот образовен процес. На прашањето колку факултетот ги подготвува да оформат критички здрав однос кон општеството, студентите имаат различен став. Едни сметаат дека сега имаат повеќе вештини да бидат критички објективни и во тоа многу им помагаат предметите специфично насочени кон медиумите (како Масовни медиуми, Медиумите и општеството, Етика во новинарството, темите за лажните вест, дезинформациите)[118].

Други се надоврзуваат со ставот дека, соочени од сите страни со сè повеќе информации, природно стекнуваат способност за одредено критичко размислување кога гледаат дека се пласира сè и сешто, дека има манипулација, лажни вести, говор на омраза, но и фактот што на факултетот изработуваат проекти, прават истражувања, сортираат, избираат информации и податоци ги тера да имаат критички осврт за да знаат до што да дојдат при својата анализа[119]. За трети, пак, порано образовниот систем од самиот старт (од основно) не ги подготвуваше критички да размислуваат, сите учеа механички за повисока оценка и никој не размислуваше што навистина учи, но денес самите предмети што им ги предаваат на факултетот кај нив развиваат одредено критичко размислување.

116 Исказ на студент од фокусна група по студии по новинарство на Правниот факултет во Скопје при УКИМ.
117 Исказ на студент од фокусна група од политички студии на Правниот факултетот во Скопје при УКИМ.
118 Исказ на студенти од фокусната група на Меѓународниот балкански универзитет и исказ на студенти од фокусната група на Факултетот за јазици, култури и комуникации на Универзитетот на Југоисточна Европа.
119 Исказ на студенти од фокусната група при Педагошкиот факултет од Битола.

Односно, нормално е по сѐ што читаат и сите информации што ги примаат со тек на годините, да бидат скептични и на тој начин да го развиваат критичкото мислење[120]. Но, паметат дека во средно образование одделни училишта имаа дебатни клубови што им помагаа на учениците да развијат критичко мислење, а не мал број соученици волонтерски се ангажираа во бројни дебатни клубови во здруженија на граѓани (што продолжува и денес), како, на пример, Младинскиот образовен форум (МОФ)[121], каде што сами се обидуваа да го изградат своето критичко мислење и критички став. Во целина, сите имаат право, а се издвојува следниот став:

**Критичката мисла може да се развива и се развива со текот на животот, но е подобро да започне од мала возраст, од основно и средно образование, со вклучување на педагози и психолози кои би работеле со децата, па понатаму на факултет. Подоцна, кога ќе се стигне на позиција да се бара работа и кога ќе се сретнете со друга околина, со колеги, надредени, ќе треба да имате критички став кон компанијата и кон конкуренцијата за да направите вистинска анализа на работата.**[122]

Од друга страна, студентите ретко учествуваат на семинари, обуки, предавања, конференции или работилници поврзани со актуелни прашања и проблеми (во медиумската, но и другите сфери). Повеќето од нив воопшто немале таква можност, додека оние малкутемина кои посетувале таков настан се презадоволни од наученото, тимската работа и споделените сознанија и искуства од практиката. Самите ќе речат дека можности има, особено за студентите по новинарство, но дека тие недоволно се искористуваат.

Што се однесува на примената на информациско-комуникациските технологии во образовниот процес, факултетите, повеќе или помалку, имаат соодветни технички услови. Во тој поглед најдобро стојат техничките факултети. На пример, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство располага со реален (компјутерски) капацитет за сите студенти и нивните потреби, за предавањата, а пред сѐ за лабораториските вежби. Но не заостануваат ни општествените науки, особено Меѓународниот балкански универзитет, каде што се користи нов модел, таканаречен хибриден модел на настава, при што студентите може да следат настава и во училница и од дома, онлајн. На Универзитетот во Штип, предавањата, наставата, испитите се одвиваат онлајн, особено во време на коронакризата и без какви било тешкотии (преку платформата Microsoft Teams). Таму студентите нагласуваат:

**Ние сме деца на напредната ера на 21. век. Информациите можеме да ги најдеме многу побрзо онлајн отколку што можеме да ги прочитаме во книгите. Освен тоа, во книгите информациите се веќе застарени, а секојдневно има сѐ понови и понови сознанија.**[123]

120 Исказ на студенти по новинарство, односи со јавноста и информатички науки и компјутерско инженерство од фокусната група при УКИМ.

121 Информации за работата и активностите на МОФ види: https://mof.mk/za-nas/ Младинскиот образовен форум е и членка и на Мрежата за медиумска писменост на АВМУ, https://mediumskapismenost.mk/

122 Исказ на студент по информатички науки и компјутерско инженерство од фокусната група при УКИМ.

123 Исказ на студент од фокусна група од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип.

Слична е состојбата и на другите факултети, со обезбедена техничка поддршка за одвивање на наставата, презентација на студентските проектни задачи, онлајн достапност на универзитетските учебници (на пример, Универзитетот на Југоисточна Европа) или со онлајн настава и опремени посебни (компјутерски) кабинети и видеопроектори за презентација на предавањата или на семинарските трудови на студентите (на пример, Педагошкиот факултет во Битола).

Поскромно опремените факултети имаат компјутерска лабораторија каде што се изучуваат сите предмети поврзани со информатиката, но недоволна за бројот на студентите (на пример, Педагошкиот факултет во Скопје), предавална со компјутери слободна за користење на студентите (на пример, Институтот за педагогија во Скопје), компјутерски центар којшто студентите не го користат (на пример, Правниот факултет во Скопје) или библиотека со компјутери и интернет што ги користат само професорите (на пример, Државниот Универзитет во Тетово).

Сите студенти се запознаени со новите технологии и успешно ги користат. Но, потребно им е знаење за заштитата од искористување на информациите што ги споделуваат меѓу себе или од вируси – лажни информации и компјутерски вируси. Тие самите не се свесни за потенцијалните ризици што ги носи користењето на интернетот и колку може да биде нарушена нивната безбедност во тој виртуелен свет. Оттука ја нагласуваат потребата и од медиумска и од информациска писменост. Притоа, тоа може да биде еден предмет, „медиумско-информатичка писменост“, или два посебни предмети, но да ги опфати сите, а не само академската заедница. Можеби како задолжителен предмет во основно (осмо и деветто одделение), па во средно образование, или преку посебни обуки организирани од невладините организации. Посебно ќе истакнат дека:

**Денес сѐ станува дигитално, дали е тоа телефон, дали лаптоп, сите трансакции се извршуваат преку телефон, валутите се дигитализираат. Дигитализацијата станува составен дел од животот на секој човек и сите еднакво треба медиумски и информациски да се описменат.**[124]

Најпосле, дали денешните млади кои од самото раѓање растат во дигитално, мултимедијално опкружување, ќе ги наречеме „дигитални домородци“ (digital natives)[125], генерација „зет“ или милениумци, е сосем седно. Тие несомнено живеат во е-свет којшто за нив е нивниот мајчин јазик, течно го зборуваат јазикот на компјутерот, видеоигрите, мобилните... Многу алатки на дигиталната ера, игрите, интернетот, елекронската пошта, месинџерот, блоговите, се интегрален дел од нивниот живот. Тоа и самите го потврдуваат. Безмалку сите студенти вклучени во фокусните групи во истражувањето, од различни факултети и студиски програми, ќе се согласат дека многу се зависни од новите медиуми, а на прво место им се телефоните и социјалните медиуми:

124 Став на студенти од фокусната група при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.
125 Марк Пренски во 2001 година прв го воведува концептот на дигитални домородци и дигитални имигранти, којшто не секогаш е прифатен од научната мисла. Извор: https://www.marcprensk com/writing/Prensky%20-%20Digital%20Natives,%20Digital%20Immigrants%20-%20Part1.pdf

**Јас сум буквално цел ден на телефон. Ако се откажам од овие уреди, треба да се откажам од цел социјален живот... Компјутерот ми е нонстоп вклучен, со недели не го исклучувам... Телефонот е секогаш до мене, можам да видам нотификации, повик, порака, мејл... Не можам да се откажам од него, премногу аспекти од животот ми се врзани за него, од обичен договор за излегување, до информации за полагање, резултати од испити, настани објавени на социјалните мрежи.[126]**

Цело време, а најмалку 7-8 часа во денот, седат на телефон и „скролаат“ на Фејсбук, Инстаграм, а ако, пак, е во прашање серија, тогаш минуваат и дваесет и четири часа во денот (binge watching). Толку време минуваат на телефон што и самите не знаат колку е тоа[127]. Но, има и такви кои сметаат дека е тоа губење време и миење на умот со секакви информации[128]. И не мал број од нив можат привремено да се откажат од електронските уреди, но најмалку на сопствена иницијатива (туку, на пример, на семинар, работилница). Тогаш заборавaат дека се надвор од градот, од дома, ја одмораат моториката и многу убаво се чувствуваат.

Ќе се согласиме дека информатичко-комуникациските технологии се моќна алатка за забава и за учење, но таа треба одговорно да се користи; тогаш имаме доволно аргументи за вклучување на медиумската или на медиумско-информатичката писменост во образовниот процес, за младите активно и критички да се соочат со сите информации до коишто имаат лесен пристап и на кошто перманентно се изложени од сите страни.



126 Искази на студенти од фокусната група при Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ Скопје.
127 Искази на студенти од фокусната група при Меѓународниот Балкански Универзитет и од фокусната група при Државниот Универзитет Тетово.
128 Исказ на студент од фокусна група на Педагошкиот факултет од Скопје.

# 05 ЗАКЛУЧОЦИ

**Мора да ги подготвиме младите луѓе за живот во свет на моќни слики, зборови и звуци**
**UNESCO, 1982**

Во светот и во Европа, во последнава деценија, сè повеќе се зголемуваат вниманието и посветеноста кон медиумската писменост и нејзиното вклучување во образовните процеси. Тоа го потврдуваат бројните документи, резолуции, декларации на меѓународните организации (УНЕСКО) и на институциите на Европската Унија. Научната и теориската мисла посебно ја нагласува потребата од промовирање на медиумската писменост во образованието и во обуката за јакнење на критичкото размислување на учениците, во активното граѓанство и во промоцијата на заедничките вредности на ЕУ. Неслучајно, таа се смета за една од најважните писмености на 21 век.

Република Северна Македонија е далеку зад државите во Европа во имплементацијата на медиумската писменост во образовниот систем, така што многу тешко се препознава колку медиумското образование е важен елемент во демократизацијата на општеството. Точно е дека првите чекори во имплементацијата на медиумската писменост во образовниот систем во државата се започнати пред десетина години, пред сè во основното образование, но дури денес може да се зборува за вистински сериозни чекори на тој план. Медиумската писменост е воведена и веќе функционира во основното образование, не како нов, посебен предмет во наставните програми, туку како „начин на учење во сите предмети“. Тој процес понатаму ќе продолжи и во средното образование. Што се однесува на високообразовните институции, кои досега спорадично ја „вклучуваа“ медиумската писменост во различни, сродни предмети, веќе од 2021/22 учебна година, но и во следните академски години ја имплементираат како посебен задолжителен предмет на бројни студиски програми, а на студентите им ја нудат како изборен предмет. Настојувањата се медиумската писменост да добие свое место, пред сè, на општествените и хуманистичките науки, особено на педагошките факултети кои образуваат кадри коишто, пак, во иднина како наставници директно ќе се вклучат во воспитно-образовниот процес на најмладите ученици.

Македонските студенти јасно го разбираат концептот на медиумската писменост и на критичкото размислување како патоказ во градењето на активно мислечко граѓанство. За нив тоа е процес низ којшто, без исклучок, треба сите да поминат. Професорите допрецизираат дека станува збор за функционална писменост во времето во кое живееме, која мора да започне од основното образование и да продолжи во средното и во високото, секако аргументи што јасно зборуваат во прилог на нејзино активно вклучување во целокупниот образовен процес. Но, еден од клучните предизвици за медиумската писменост е дигитализацијата, односно прашањето колку и младите и возрасните се доволно информациски писмени, иако студентите денес, можеби со право, за себе ќе речат дека се „дигитални домородци“, а професорите (особено оние повозрасните) – „дигитални имигранти“. Информациско-комуникациските технологии се моќна алатка за забава и за учење, но таа треба одговорно да се користи. Оттука, можеби како најприфатливо се чини прифаќањето на формулата „медиумско-информациска писменост“ во образовниот процес, како предуслов за отворено, плурално, инклузивно и партиципативно општество на знаење.

Односно, преку интердисциплинарен и интерактивен пристап (според програмата МИП на УНЕСКО), учење и разбирање на медиумите и на информациите во контекст на демократскиот дискурс и општествената партиципација, разбирање на медиумските содржини и на нивната употреба, критичка евалуација на информациите и на изворите на информации, разбирање на новите и на традиционалните медиумски форми и промоција на вештини за медиумска и информациска писменост и концепт на граѓанско образование како одговорни учесници во општествениот живот.

Ако се согласиме дека високото универзитетско образование не е систем сам за себе, туку дел од образовниот систем како целина, тогаш развојот на медиумската писменост мора да биде и негов составен дел. Се разбира, гледано во контекст на доживотното учење, медиумската писменост треба да се развива од најрана возраст па сè до универзитетот, но и по формалното завршување на образовниот циклус. Овој концепт, па дури и „филозофија“ на образованието, денес успешно се применува ширум светот и таа приказна треба и може да успее и во Република Северна Македонија.

# 06 ПРЕПОРАКИ

Имплементирање на медиумска писменост во образовниот систем во Република Северна Македонија и денес сè уште претставува голем предизвик. Потребата од нејзино целосно инкорпорирање во сите степени на формалното, но и на неформалното образование, јасно е детектирано и препознаено од академската заедница, како од професорите така и од студентите. Во согласност со добиените сознанија од истражувањето, се дефинираат следните препораки:

•Натамошно и надградено усогласување на законодавството и на стратегиите во образовната политика на државата за развој на медиумската писменост со европските директиви и стандарди во образованието во оваа сфера.

•Продлабочување на соработката помеѓу сите субјекти во општеството за поголема промоција на медиумската писменост, дијалог помеѓу надлежните образовни институции, граѓанскиот сектор и медиумите преку конференции и други јавни настани за развивање на медиумската писменост. Одредени чекори на интензивирање за оваа соработка можат да се реализираат преку формализирање на одговорни лица, координатори, работни групи и слично, коишто би можеле да преземат подиректна одговорност и да овозможат подобра транспарентност за овие активности.

•Зајакнување на постоечките мрежи и асоцијации на институции, установи и организации за медиумска писменост, како и развивање нови, приспособени на одредени специфични области и прашања.

•Зајакнато имплементирање на концептот на медиумската писменост во образовниот процес, по позитивните обрасци и искуства од основното и од средното образование во високото образование.

•Подобро интегрирање на основните концепти на медиумската писменост на начин којшто ќе биде усогласен, концизен и ефективен за применување во образованието, како и доследно применет во различните предмети и степени на образование.

•Континуирана обука, програми за развој и едукација на наставниот кадар за медиумската писменост и за клучните тековни содржини и теми од оваа сфера. Осовременување на литературата која се користи во наставата со теми за медиумската писменост, како и поттикнување на авторската и на преведувачката дејност во оваа област.

•Техничко-технолошко опремување и осовременување на високообразовните институции, особено на педагошките факултети, со алатки и наставни мултимедијални материјали за реализација на наставата за медиумска писменост.

•Оформување врз база на образовни ресурси и материјали со отворен пристап за наставниот кадар.

•Ревидирање на студиските програми на студиите по комуникации, медиуми, инфор-матика, како и на педагошките факултети со современи наставни програми за медиумско образование.

•Зајакнување на квалитетот на наставниот кадар којшто ги предава овие содржини.

•Инвестирање во понатамошни систематски истражувања за различни аспекти и димензии и добри практики во наставата за медиумската писменост.

•Поактивен и проактивен ангажман на стручната јавност за создавање унифицирана терминологија (поимник) од областа на медиумската, дигиталната и информациската писменост и на справувањето со дезинформациите.

# АНЕКС 1

**Листа на прашања за интервју со ректори, проректори, декани, професори за присутноста на медиумската писменост во студиските програми на високообразовните установи во Р Северна Македонија**

1. **Какво е вашето гледање на концептот на медиумска писменост во образовниот систем?** – тој одамна е присутен во документите, резолуциите, препораките на Европската Унија, УНЕСКО... и ги опфаќа предучилишното, основното, средното, високото, доживотното образование.
2. **Дали и зошто е потребна медиумската писменост во високото образование?** Дали како суштинска потреба и хармонизација со европските и светски стандарди во оваа сфера или како барање што е дел од процесот на пристапување, придружување кон Европската Унија?
3. **Како денес би ја дефинирале, како медиумска писменост или како медиумска и информатичка писменост? Има ли државата експлицитна политика за медиумското образование (на пример, стратешки документ)?** Каде го гледате местото на медиумската писменост во образованието кое користи дигитални и онлајн алатки и платформи?
4. **Дали, како, колку реформите во образовниот систем во Македонија го опфаќаат и концептот на медиумска писменост? Дали и колку тоа се одвива систематски или спорадично и повремено?** Образовниот систем во Македонија (од осамостојувањето до денес) има поминато неколку „сериозни“ реформи – особено воведувањето на деветолетката, кредит-трансфер системот во високото образование, што претпоставуваше и промени во студиските програми и конкретните предмети.
5. **Каква е денес состојбата на тој план на факултетот на којшто вие предавате – дали на кој било начин медиумската писменост е „имплементирана“ во студиската програма? Дали Вашата образовна институција нуди содржини и наставни единици од областа на медиумската писменост?** Има ли посебен предмет (задолжителен или изборен), дали медиумската писменост е инкорпорирана во постојните предмети (преку посебни методски единици), или други активности (кои)?
6. **Дали во наставно-образовните активности студентите прават критички анализи на медиумски содржини?**
7. **Дали овие наставни содржини се достапни и за студентите со попречености?** Дали се достапни и за различни групи студенти според полот, етничката припадност и сл.? Доволно ли е тоа што се нуди за да има рамноправен и еднаков пристап за сите студенти или може да се стори нешто повеќе? Што?

8. **Дали на факултетот има посебни наставни содржини со кои студентите се оспособуваат за справување со дезинформациите?** Се анализираат ли ефектите од дезинформациските кампањи?

9. **Дали факултетот бил вклучен во надворешни проектни активности за медиумска писменост?** Самостојно или во партнерство со граѓанскиот сектор, со медиумите во земјата, со други факултети од земјата и странство? Колку е честа практиката за ваков тип вмрежувања?

10. **Како ја оценувате истражувачката дејност во областа на медиумската писменост во рамки на вашата институција?** Се прават ли редовни истражувања? Дали и колку студентите се вклучени во овие истражувачки активности или овие активности го прави најчесто професорскиот кадар?

11. **Дали сте биле дел од образовно-научни активности поврзани со медиумската писменост? (обуки, семинари, конференции, трибини, и др.).**

12. **Каде, на кои факултети (а ги имаме многу и доволно) медиумската писменост би требала да биде неизоставен дел од наставата?** Во рамките на кои факултети, студиски програми, предмети?

13. **Како конкретно да се реализира воведувањето на медиумската писменост во високото образование?** На иницијатива на самиот факултет (па постапка за акредитација), преку Универзитетот во чиишто рамки е факултетот (Ректорската управа има и проректор за настава), да се чека од Министерството за образование и наука.

14. **Според вас, кој е најдобриот формат или метод за вклучување на медиумската писменост во формалното образование?**

15. **Дали досега во рамките на матичниот факултет е „расправано“ за потребата од инкорпорирање на медиумската писменост во наставата?** На пример, на наставно-научниот совет или во друга форма. Имате ли некаква евалуација од студентите кои бараат ревидирање на студиските програми во оваа насока? Други истражувања?

16. **Каде ја гледате перспективата на медиумската писменост во високото образование во Македонија?** Кои специфични области од медиумската писменост се особено важни за нашата земја?

# АНЕКС 2

**Листа на прашања за фокус-групи со студентите за присутноста на медиумската писменост на студиските програми на јавните, јавно-приватните и приватните универзитети во Р Северна Македонија**

1. **Колку сте запознаени со концептот на медиумска писменост и што значи тоа за вас?** (како ја дефинирате, што значи таа) Дали сте слушнале за медиумска писменост и колку знаете за неа?

2. **Колку и како факултетот ве подготвува да оформите критички однос кон општеството?**

3. **Има ли предмети на вашиот факултет во кои препознавате елементи на медиумската писменост? Дали сте имале предавања, вежби или обуки поврзани со медиумите?** Која е нивната улога, нивната функција, како „живеат", кои се ефектите врз јавното мислење? Новите медиумски трендови, како „јутјубери", „инфлуенсери", алгоритмите и сл.? Кои се тие предмети, методски единици?

4. **Дали на факултетот има посебни наставни содржини со кои се оспособувате за справување со дезинформациите?** Анализирате ли ефекти од дезинформациски кампањи?

5. **Има ли технички услови на вашиот факултет за следење на наставата со адекватно вклучување на информациско-комуникациски технологии?** Кои се тие технички услови, како и колку се користат? Ако нема, зошто?

6. **Дали овие наставни содржини се достапни и за студентите со попречености?** Дали се достапни и за различни групи студенти според полот, етничката припадност и сл.? Доволно ли е тоа што се нуди за да има рамноправен и еднаков пристап за сите студенти или може да се стори нешто повеќе? Што?

7. **Колку сте оспособени за употреба/користење на новите технологии** (пред сè, интернетот) и свесни за проблемите за сопствената безбедност, приватноста во онлајн опкружувањето, сопствената одговорност како кон содржината што се пласира, така и кон другите корисници?

8. **Дали (и зошто) е потребен посебен предмет за медиумската писменост (задолжителен или изборен) или инкорпорирање на медиумската писменост со одделни методски единици во постоечките предмети (кои) на вашиот факултет?** Какво е расположението меѓу студентите за изучување на медиумската писменост?

9. **Дали сте вклучени во истражувања во областа на медиумската писменост?** Нуди ли вашиот факултет доволно можности за поттикнување на студентите во академски и применети истражувања (објава на академски трудови и сл.)?

10. **Дали сте учествувале во некое предавање или обука за медиумите надвор од вашата образовна институција?**

## Навики и вештини

11. Колку време дневно активно поминувате со медиумите?

12. Дали би можеле (при)времено да се откажете од користењето на медиумите (телефоните, компјутерите и другите уреди за користење на интернетот и од социјалните мрежи)?

13. Се сметате ли себеси за доволно вешти да препознаете дезинформации, медиумски манипулации на онлајн или традиционалните медиуми? Што правите? Како може да се подобрат овие вештини и знаења кај студентите?

14. Кои се добрите, а кои лошите страни во користењето на медиумите и интернетот?

# БИБЛИОГРАФИЈА


Акредитирани универзитети и факултети, Министерство за образование и наука, достапно на: https://mon.gov.mk/page/?id=2047

Aufderheide, P. (1993), Media Literacy - A Report of The National Leadership Conference on Media Literacy, The Aspen Institute, Washington D.C. достапно на http://files.eric.ed.gov/fulltext/ED365294.pdf

АВМУ (2019), Регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година.

Bachmair. B., Bazalgette, C. (2007) The European Charter for Media Literacy: Meaning and Potential, Research in Comparative and International Education, Vol. 2, Number 1, available at: https://www.researchgate.net/publication/250152397_The_European_Charter_for_Media_Literacy_Meaning_and_Potential

Bulger, Monica, Davison, Patrick (2018) The Promises, Challenges, and Futures of Media Literacy, Data & Society Research Institute, available at: https://datasociety.net/pubs/oh/DataAndSociety_Media_Literacy_2018.pdf

Borg, J. & Lauri, M. A. (2011), 'A comparative study of EU documents on media literacy'. Media Education Research Journal, 2(1), Department of Media and Communications, University of Malta, available at: https://core.ac.uk/download/pdf/93183372.pdf

Data Reportal (2021) „Digital 2021: North Macedonia", достапно на https://datareportal.com/reports/digital-2021-north-macedonia

Denny Adams and Marry Hamm (2000), Media and Literacy: Learning in an Electronic Age-Issues, Ideas, and Teaching Strategies, Charles C Thomas Pub Ltd; 2nd edition.

Developing media literacy and critical thinking through education and training (2016) Council of the European Union, available at: https://data.consilium.europa.eu/doc/document/ST-9641-2016-INIT/en/pdf

Digital Education Action Plan (2018) Commission to the European Parliament, The Conucil, The European Economic and Social Committee and The Committee of The Regions, Brussels, available at: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52018DC0022&from=EN

European Audiovisual Observatory (2016). Mapping of media literacy practices and actions in EU-28. Strasbourg: European Audiovisual Observatory, available at: https://rm.coe.int/1680783500

European Charter for Media Literacy, Euro Media Literacy, available at: https://euromedialiteracy.eu/charter.php?id=3

European Commission (2018a), A multi-dimensional approach to disinformation. Report of the independent High level Group on fake news and disinformation. Luxembourg: Publications Office of the European Union, available at: https://sites.les.univr.it/cybercrime/wp-content/uploads/2017/08/Amulti-dimensionalapproachtodisinformation-ReportoftheindependentHighlevelGrouponfakenewsandonlinedisinformation.pdf

Everette E. Denis (1994), Children and the Media, https://is.gd/n0EJlE

Grizzle, A., Moore, P., Dezuanni, M., Asthana, S., Wilson, C., Banda, F. & Onumah, C. (2013). Media and Information Literacy. Policy and Strategy Guidelines. Paris: UNESCO, available at: https://milunesco.unaoc.org/wp-content/uploads/2012/05/mil-policyguidelines.pdf

Grunwald Declaration on Media Education (1982), Federal Republic of Germany, available at: http://www.unesco.org/new/fileadmin/MULTIMEDIA/HQ/CI/CI/pdf/theme_media_literacy_grunwald_declaration.pdf

Ѓонеска, Б., Маглешов, В., Андонова Митревска, Т., Петрески, В. (2019), Со критичко мислење до разобличување на дезинформации: прирачник за неформално образование за медиумска писменост, Фондација Метаморфозис, достапно на: https://crithink.mk/wp-content/uploads/2019/10/so-kritichko-mislene-do-razoblichuvane-na-dezinformaczii-prirachnik-za-neformalno-obrazovanie-za-mediumska-pismenost.pdf

Harshman, J. (2017). 'Developing Globally Minded, Critical Media Literacy Skills'. Journal of Social Studies Education Research, 8(1), 69-92. Available at: https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1141857.pdf

Hobbs, R. (2010). Digital and Media Literacy: A Plan of Action. Washington, DC: The Aspen Institute, available at: https://www.aspeninstitute.org/wp-content/uploads/2010/11/Digital_and_Media_Literacy.pdf

Hobbs, R. (2016) Exploring the Roots of Digital and Media Literacy through Personal Narrative, University Press, Rhode Island, available at: https://www.researchgate.net/publication/303738601_Exploring_the_Roots_of_Digital_and_Media_Literacy_through_Personal_Narrative

James Potter (2008), Media Literacy, 4th edition, SAGE publications.

Концепција за основно образование (2021), Министерство за образование и наука, достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

Концепција за инклузивно образование (2020), Министерство за образование и наука, достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20za%20inkluzivno.pdf

Macedo, Gonçalo (2008) An overvirwe of media literacy, Policy Department Structural and Cohesion Policies, European Parliament, Brussels, available at: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/note/join/2008/397254/IPOL-CULT_NT(2008)397254_EN.pdf

McDougall, J., Zezulkova, M., van Driel, B., Sternadel, D. (2018). 'Teaching media literacy in Europe: evidence of effective school practices in primary and secondary education', NESET II report. Luxembourg: Publications Office of the European Union, available at: https://nesetweb.eu/wp-content/uploads/2019/06/AR2_Full_Report_With_identifiers_Teaching-Media-Literacy.pdf

Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија (2018) „Национална стратегија за сајбербезбедност на Република Северна Македонија 2018 – 2022".

O'Neill, Brian(2010) Current Policy Developments in European Media Literacy, Technological University Dublin, available at: https://arrow.tudublin.ie/cgi/viewcontent.cgi?article=1036&context=aaschmedart

Национална стратегија за сајбербезбедност на Република Македонија 2018-2022, јули 2018 година, Министерство за информатичко општество и администрација, достапно на: https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/ns_sajber_bezbednost_2018-2022.pdf

Parola, A., & Ranieri, M. (2011). 'The Practice of Media Education: International Research on Six European Countries'. Journal of Media Literacy Education, 3(2), 90–100. Available at: https://digitalcommons.uri.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1071&context=jmle

Pérez, Tornero, J.M., Orozco, G., Hamburger, E.,Media and information literacy in critical times: Re-imagining learning and information environments, MILID Yearbook 2018/2019, http://www.gabinetecomunicacionyeducacion.com/sites/default/files/field/adjuntos/milidyearbook2018_19_.pdf

Препорака CM/Rec(2011)7 на Комитетот на министри до земјите членки за новиот поглед на медиумите, Совет на Европа, достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/New_Notion_of_Media_Mkd.pdf

Recommendation 1466 (2000) Media education, Parliamentary Assembly,available at: http://www.assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-en.asp?fileid=16811&lang=enwww.vs.edu.mk

Recommendation (2009/625/EC) on media literacy in the digital environment for a more competitive audiovisual and content industry and an inclusive knowledge society, The Commission of the European Communities, available at: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32009H0625

Recommendation on promotiong common values, inclusive education, and thr EUROPEAN dimension of teaching (2018), The Council of the European Union, available at: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32018H0607%2801%29

Renee Hobbs (2010) "Digital and Media Literacy: A Plan of Action", The Aspen Institute Communications and Society Program.

Rosenzweig, A. (2017). 'Understanding and Undermining Fake News from the Classroom'. Berkeley Review of Education, 7(1), 105-112. Available at: https://escholarship.org/uc/item/7rk9w7tm

Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED 2011, Меѓународна стандардна класификација на образованието МСКОБ 2011, International Standard Clasification of Education ISCED 2011, (2014), Државен завод за статистика, достапно на: https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/2.8.14.01.pdf

Стратегија за образование 2018 – 2025, Министерството за образование и наука, достапно на: https://mon.gov.mk/page/?id=2048

Study on Assessment Criteria for Media Literacy Levels (2009) European Commission, Brussels, available at: https://ec.europa.eu/assets/eac/culture/library/studies/literacy-criteria-report_en.pdf

Teaching media literacy & fighting disinformation with etwinning (2021), European Commision, мот available at: https://www.etwinning.net/downloads/BOOK2021_eTwinning_INTERACTIF.pdf

Thoman, Elizabeth (2003) Literacy for the 21st Century , An Overview & Orientation Guide To Media Literacy Education, Center for Media Literacy, available at: http://www.medialit.org/sites/default/files/01_MLKorientation.pdf

Vajzović, E., Turčilo, L., Celić, H., Osmić, A. (2019) Uvodjenje medijske i informacijske pismenosti u obrazovni system – procijena kompetencija nastavnikaza podučavanje medijske i informacijske pismenosti u kantonu Sarajevo, Projekt: UNESCO – 'Building Trust in Media in SEE and Turekey', available at: https://www.researchgate.net/publication/338263788_UVODENJE_MEDIJSKE_I_INFORMACIJSKE_PISMENOSTI_U_OBRAZOVNI_SISTEM_-PROCJENA_KOMPETENCIJA_NASTAVNIKA_ZA_PODUCAVANJE_MEDIJSKE_I_INFORMACIJSKE_PISMENOSTI_U_KANTONU_SARAJEVO

UNESCO (1999) "Recommendations adopted by the Viena Conference ''Educating for the Media and the Digital Age'', available at: https://www.mediamanual.at/en/pdf/recommendations.pdf

UNESCO (2011). Fez Declaration on Media and Information literacy, available at: http://www.unesco.org/new/fileadmin/MULTIMEDIA/HQ/CI/CI/pdf/news/Fez%20Declaration.pdf

UNESCO, IFAP, IFLA (2012). The Moscow Declaration on Media and Information Literacy, available at: https://www.ifla.org/wp-content/uploads/2019/05/assets/information-literacy/publications/moscow-declaration-on-mil-en.pdf

UNESCO, Developing MIL Policy and Strategy, достапно на https://is.gd/1CP4jN

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (2013), Media and Information Literacy, Policy and Strategy Guidelines.

Уредба за националната рамка на високообразовните квалификации, Службен весник на РМ, бр.154, 30.11.2010 година, достапна на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/89987333AA56E54989DD0CB3773E2C5B.pdf#page=16

Vuorikari, R., Punie, Y., Carretero Gomez S., Van den Brande, G. (2016). DigComp 2.0: The Digital Competence Framework for Citizens. Update Phase 1: The Conceptual Reference Model. Luxembourg Publication Office of the European Union

Шопар Весна, Ќупева Тамара и Теменугова Александра (2016) „Медиумската писменост во Македонија: Алката што недостасува за активно граѓанство", Институт за комуникациски студии, Скопје.

Шопар Весна, Теменугова Александра, Аксентиевска Моника (2018), „Медиумската писменост во Македонија: Обид за имплементација во основното образование". Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје.

Закон за Националната рамка на квалификации, Службен весник на РМ, 137/2013, 30/2016, достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/zakon_za_nacionalna_ramka_na_kvalifikacii_26-02-2016.pdf

Закон за високо образование, Службен весник на РМ, бр.82, 8.5.2018 година. Достапен на: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf

Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на РМ, бр.184, 26.12.2013 година, достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf

Закон за медиуми, Службен весник на РМ, бр.184, 26.12.2013 година, достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_mediumi_mkd.pdf